СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јули 1997 година

Скопје, јули 1997 година

## 4 (ЧЕТВРТО) ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ,ОДРЖАНО НА 17 ЈУЛИ 1997 ГОДИНА

Дневен ред:

Точка 7-стр.1- Претрес по Предлог за донес.на закон за обезбедување на средства форма на кредит за предвремена испла,на дел од побарувањата на граѓан.по осн. на штедни влогови.

Дискутанти :

1. АРСОВСКИ БРАНКО – 66
2. АНДОВ СТОЈАН - 69,70,71,84,86,90,94
3. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО -35
4. КАРОВ ЗВОНК0 - 47
5. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 59, 62, 68
6. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 14,18, 27, 94.
7. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 53
8. ПЕЦОВ МИРКО - 64
9. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 92,93.
10. ПЕТКОВСКИ ТКТО - 1,26.. ( води седница )
11. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 78,84,89,107
12. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 38, 40, 42, 45, 47, 59
13. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА- 28, 45, 104
14. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 2, 10, 97, 99, 100, 104
15. ФИТИ ТАКИ - 98, 99, 100, 101, 102, 103

\- КРАЈ -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четвртото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 17 јули 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот

Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа од 68-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Тодосија Паунов, Зоран Шапуриќ, Славе Наумовски, Зоран Крстевски, Кире Видимче, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Слободан Богдановски и Фаик Абди ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Како што знаете продолжуваме со претрес по точката 7- Предлог за донесување на закон за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови.

Го слушнавме воведното излагање на министерот за финансии г-дин Таки Фити.

Отворам расправа

Молам кој бара збор.

I/2 НН/ЛБ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, на вчерашната седница на Собранието на РМ пратеникот Слободан Најдовски кога побара расправата за Законот за обесштетување на штедачите во штедилниците"ТАТ" "Лавци" "Алва - С" да се одложи за денес меѓу другото праша зошто пратениците не го добија извештајот од Народната банка на Македонија за "ТАТ", што беше заклучок и на нашево Собрание. Јас сметам дека е добро што се заборавило на оваа обврска. Зошто ни е? Да читаме приказни за деца?

Битолските штедачи не го признаваат тој извештај, ниту пак веруваат во тие што го правеа тој извештај. За нив, се разбира, и за мене валиден е само извештајот на Заводот за судско вештачење од Скопје според кој ќе се дели правдата по случајот "ТАТ" во Основниот суд во Битола.

Овој Извештај го немаме, ниту можеме да го имаме, освен Судот да го имаме како пратеници. Извештајот на Заводот за судско вештачење го спомнав за нешто друго. Знаете господа зошто? Затоа што расправата по овој закон беше одложена заради судското вештачење. Тоа го побара пратеникот Бранирод Михајловски. За ништо друго. По тоа вештачење јас очекував закон што целосно ќе ги реши проблемите на "ТАТ", меѓутоа тоа не се случи и ние денес расправаме по закон што влезе во собраниска расправа таму некаде кон крајот на месец мај, сега нека би рекол по стариот закон. Значи, немаме ништо ново а овој закон, битолските штедачи не го прифаќаат. Тогаш, господа пратеници за кого ќе го носиме?

Јас законот ваков каков што е не можам да го прифатам. Не сакав ни да учествувам ни во оваа расправа денес по овој закон, но заради тоа што имам свои амандмани и сум потписник на неколку други амандмани заедно со други пратеници од Битола решив да дискутирам по овој закон со една цел.

I/3

Да се обидам господо пратеници, ако можам, да ве убедам да гласате за амандманите што се пред вас, со кои, како така би се надминале маките на штедачите што заглавија во споменатите штедилници, посебно во штедилницата ТАТ. Меѓутоа, пред да кажам нешто за состојбите во Битола што стигнаа со случајот ТАТ сакам да го искажам моето огромно незадоволство од неодговорниот однос на Народната Банка на Македонија во врска со изјавите на пратениците, со кои тие му дадоа виза на оваа банка да каже дали тие се штедачи со шпекулативни камати и дали ги имаат подигнато заробените штедни влогови , спротивно на Законот со кој е регулирано правото на користење на тие штедни девизни влогови.

Господа, Народната банка на Македонија тоа го стори само за пратениците од Битола. Зошто не кажа ни збор понатаму дали во другите две штедилници има штедачи пратеници. Дали во Скопје, скопските пратеници штеделе во"Алфа-С" , штеделе; дали охридските пратеници штеделе во Лафци. Зошто не кажа кои пратеници ги имаат подигнато заробените штедни влогови? Не можеше ли да ѕирни во тефтерите на банките, или не сакаше да го објави некое големо име? Оваа обврска стои и мора да се реализира. Јавноста треба и мора да знае кои се тие пратеници. Ако две години се тврдеше дека тоа е деловна тајна на банките сега превезот на таа тајна Народната •банка на' Македонија има право да го открие. Ако нема такви пратеници, нема. Нека се каже дека нема. Зошто да постои и понатаму сомневање во јавноста дека многу пратеници од бившиот Парламент, што се сега и во овој Парламент ги имаат подигнато заробените девизни влогови, а огромната маса на штедачи и ден денес мачат едвај земаат по 100 ДМ месечно за да се прехранат.

Почитувани пратеници, случајот "ТАТ" во Битола и битолските села е тема со која почнуваат и завршуваат сите разговори и сонови на граѓаните и селаните кои близу четири години штедееа во оваа битолска штедилница. Во нив како некој воденички камен се врти само едно прашање кој,кога и како ќе им ги исплати штедните влогови што се заробени во оваа штедилница. Моето прашање по 100 и повеќе дена, откако Народната банка на Македонија му го стави клучот на "ТАТ" сеуште нема одговор. Народната банка на Македонија, виновникот случајот "ТАТ" за штедењето во оваа штедилница, за нејзиниот уништуван»е и уништување на живото на околу 10 илјади градски и селски домаќинства во изминатиот период како банка над сите банки во нашава држава не покажа интерес како штедачите од ТАТ да излезат од тешките состојби во кои се наоѓаат повеќе од 100 дена. Ни живи , ни умрени. Ни на земја ни на небо. Зошто? Затоа што ТАТ се случи во Битола, во градот кој веќе си оди кој го мина во слободниот дел на Македонија како некое дете со лоша маќеа? ТАТ можеше да се случи насекаде во Македонија, со пропустите што на овој план ги направи Народната банка на Македонија. Господа трагедијата на Битола може да се случи овде во Скопје, Штип, Струмица и каде не. Дали така ќе се реагираше тогаш?

Чудно е како стручњаците од Народната банка на Македонија во периодот од. затворањето на ТАТ до сега не седнаа да размислат како да се реши проблемот ТАТ, што морам да кажам тие го направија. Наместо тоа тие освен стечај или ликвидација на ТАТ не понудија, ама, баш ништо друго. Не прифатија ни санирање на оваа штедилница. Изгледа господо некој гледа интерес во овој модел што го предложи Народната банка на Македонија и упорно настојува да го оствари и да ја турне Битола во нова и уште потешка безнадежност и безперспективност онаа што ја имаше и во стариот и во овој систем. Сега, за на, на

директна штета на граѓаните, селаните од ова подрачје. Со стечајот клопчето со тешкотиите на штедачите и нивните страствени судбини од Народната банка сега се префрла во Битола и во Владата на РМ која со овој закон што е на дневен ред сака да стави крај на овој случај. А како ќе видиме подоцна.

Веднаш да кажам дека јас не ги прифаќам понудените решенија во овој закон. Како пратеник што е дел од телото и душата на штедачите маченици и страдалници нема да гласам за овој закон, Ќе гласам само за закон што ќе понуди правилни решенија на штедачките проблеми во Битола. Што ќе понуди целосно обесштетување на штедачите Закон со кој на штедачите ќе им се гарантира враќање на парите што се внесени на нивните штедни книшки, а не само на едно делче од нивниот влог, како што се дава како на просјаци. Битолчани не се просјаци и нема да прифатат некаква си милост од државата на овој план.- На Битола не и треба таква милост. Таа помош господо нека остане за поубав изглед на некои други места на нашата држава.

Дали државата има пари , или нема пари тоа штедачите не треба да ги интересира. Тие во ТАТ штедеа со амин на државата. Зад неа стоеше нејзината државна банка. Таа за се даваше амин и дозволи за работа. На ТАТ не му даде дозвола некоја месна заедница од битолските села. Токму затоа грешките на државата односно на нејзината банка мора да плаќа сега државата. Како ќе каже таа, и мора да каже заради зачувување на мирот во Битола и целината на оваа држава. Сигурно ќе може со државни заеми исто како што тоа се направи со санацијата на банките и големите загубари. Штедачите на ТАТ штедеа и станаа загубари по вина на државната банка. За нив не може да се донесе закон како законот за загубарите, а во тие 25 не влезени едно битолско претпријатие. Ќе повторам за жал, Битола не доби ниту денар од тие тешки милиони долари во тоа време. Беше исклучена. Битола не и треба

на Македонија изгледа. Сега и треба додека работи РЕК Битола, додека рударите копаат јаглен и даваат електрична енергија на нашава држава. Додека работи битолскиот комбинат и приватните земјоделци и ја хранат државата со тие култури евтини без кои, како што многу пати велам дека не може ниту една трпеза во нашава држава. Ако пресечат овие извори на електрична енергија и храна никој повеќе нема ни да помисли на ова подрачје. Барем така сега се добива впечаток.

Господа пратеници јас реков и пак ќе повторам дека за овој закон, ваков каков што е нема да гласам. се обидам со еден приказ на состојбите во Битола да ве убедам и вие да не гласате за овој закон и да побараме нов закон за ТАТ и за другите штедилници.

Случајот со битолската штедилница ТАТ, велам случајот а не афера, бидејќи и по толку време од неговата појава сеуште сме далеку од вистината дали случувањата во ТАТ се афера, криза во работата во оваа штедилница, криминал , заради неажурност на судските органи или пак монтирана завера против оваа штедилница и сите други штедилници во нашава држава се со една цел да се врати штедењето повторно во старите банки. Мислам дека за се ова што зборував ќе каже судот во Битола.

Ако за оваа вистина треба да се почека во Битола и се- лата вистината од пустошот што го предизвика затворањето ЕГО ТАТ од • ден на ден станува се посурова и потрагична. Во првата расправа за ТАТ јас на некој начин ги насликав состојбите во Битола и нејзините села по затворањето на ТАТ. Тогаш меѓу другото реков дека Битола и битолските села по овој случај се сведени без душа, пусти, со скршена иднина. Битола е пуст град, со празни улици, со празни продавници. Градот некогаш на песните сега е град на голема тага.

Исто како да го погодила чума и нешто полошо од чума. Битола е град што е исполнет со разни семејни трагедии. Со самоубиства, нервни сломови, со полна болница штедачи и со изгорени души. За жал летово и со зголемен број на Македонци што бараат по туѓите порти корка леп, а до вчера биле штедачи во ТАТ и штедењето ги донесе на такво дереџе. Значи, кој штедел нема.

Денес, точно по четири месеци по случајот ТАТ тешкотиите во животот и работата на градот и селата станувaат неподносливи. Меѓу штедачите на ТАТ, пензионери, студенти, селани,. работници во стечај, работници што се прогласени како технолошки вишок, печалбари владее невидена паника за тоа како без пари да се дочека денот што доаѓа. Секое утро господо е потешко и полошо од денес. Заемите од роднините и комшиите за крпење на сиромаштијата додека да се вратат штедните влогови од ТАТ секнуваат. И тие во ова тешко време за државата не можат да го издржат таквиот товар. И кај нив секнаа заштедите што до вчера се чуваа под своите перници. Како утре ќе се купи лебот и лекот, како ќе се пуштат децата на школо или студентите на студии, како да се преживее новиот ден на пензионерите, стечајците, безработните граѓани се мачни прашања за штедачите од уште поносна Битола. На нив во оваа тешка година за Битола се чека четири ипол месеци одговор, и никако да се стигне до. прав одговор.

Почитувани пратеници Битола и нејзините села, како што знаете од изминативе седум-осум години во два наврати ја потресоа вакви несреќи со штедењето. Битола и селата два пати се жртви за штедењето. Еднаш додека бевме во лажното братство со другите југословенски републики, кога на битолчани им се заробени тешки милиони долари, тешко спечалени надвор од нашава земја и градо и никој не знае до сега каде видоа тие пари, и сега, годинава лошата штедачка судбина се повтори со

затворањето на ТАТ, во кое десетина илјади домаќинства штедеа од Битола и цела Пелагонија. Во таа штедилница се заробени огромни средства односно повеќе милиони германски марки. Колку е точниот износ на штедните влогови во оваа штедилница не се знае. Народната банка на Македонија си кажува еден податок, Заводот за судско вештачење друг податок, но колкав и да е износот на штедните влогови на битолчани во ТАТ дали се 50, 30 или 20 милиони германски марки тие пари за нив посебно по заробените девизни штедни влогови од бивша Југославија и сегашните тешкотии, од смената на стариот систем со новиот систем што се манифестираат со голема невработеност, стечаи и технолошки вишоци се големи пари, ептен големи пари. Големи се затоа што голем дел од штедачите се изгорени и со старата заробена штедња. Тие проблеми за жал и натаму не се решаваат. Споро се решаваат затоа што здружението тешко доаѓа до надлежните органи да ги каже своите маки.

Господо со оглед на тоа што овие пари на битолчани им се заробени во времето кога во Македонија особено старите македонци за самостојна Македонија стана стварност битолчани очекуваат нивното враќање да не биде ни тешко ни проблематично: Се знае зошто. Затоа што државата со своите закони го организираше штедењето во приватните штедилници. Сега кога на нив заради низа пропусти им се ставени катанци на вратите таа е должна да. ги заштити граѓаните од било какви злоупотреби и да им ги врати заробените штедни влогови. Како, од кои извори ќе каже нашата Влада. Штедачите освен да штедат за нивното добро и за доброто на државата не се должни да водат контрола над работата на штедилниците. Тоа ниту можат, ниту имаат право да го сторат. Според законот се знае кој треба да ја врши таа контрола и заштита на штедачите. Народната банка на Македонија. А тоа што нејзината контрола на приватните штедилници не била добра била

исполнета со низа пропусти не смее да биде на штета на граѓаните што штедат- Ваквите штети мора да ги плати државата. Некој ќе рече зошто? Затоа што таа е должна да ги заштити своите граѓани од сите видови на криминал, мито, корупција и протекција. Штедачите на ТАТ имајќи ги во предвид овие обврски на државата кон граѓаните во изминативе месеци внимателно ја следеа контролата на ТАТ од страна на Народната банка на Македонија и Заводот за судско вештачење и чекаа мерките што ќе ги преземе Владата на РМ за разрешување на нивните проблеми, но до нив не се дојде.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:(**продолжение)

Во името на правната држава се надеваа и живеаа во надежи за некакво правно и чесно обесштетување на штетите што им се нанесени со затворањето на ТАТ. Меѓутоа, овие надежи како да се изјаловени. Мерките што преку Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за таканаречена предвремена исплата на дел од побарувањата од граѓаните по основ на штедни влогови што ги предлага Владата, ги разочара штедачите на ТАТ. Со нив, така велат штедачите, не се нуди излез од проблемите во кои запливаа тие и бараат овој закон да не биде донесен.

Денес, господо, цела Битола е станата на нозе. Господо пратеници, како пратеник од битолските села кои во ТАТ имаат свои штедни влогови по разни основи, во изминативе денови имав повеќе средби и разговори за законот што денес е на дневен ред во Собранието на РМ. Од нив побарано е овој закон да не биде донесен бидејќи не нуди никакви правични решенија на штедачките маки. Со оглед на тоа што јас сум нивни пратеник, имам должност да ги бранам нивните права и интереси, јас ќе повторам уште еднаш кој знае по кој пат дека не го поддржувам и нема да гласам за овој анти-битолски закон. Моето не, е не на моите бирачи. А дали тоа не , на некого ќе му се допадне или не, тоа е негово право. Моето не, за овој, а за, за друг закон е заради следниве причини:

Законот за кој денес расправаме е закон со кој треба да се обезбедат средства во форма на кредит за предвремена исплата на еден дел од штедните влогови на штедачите што штеделе во приватните штедилници "Алфа С", "Лавци" од Охрид и "ТАТ" од Битола, а не закон што треба да понуди целосно на штедачките проблеми во овие три

II/2.-

штедилници. Со него , од таму од ваму, ќе се изнајдат 20-тина милиони германски марки кредит за предвремена исплата на дел од штедните влогови чиј износ во трите штедилници изнесува околу 2 милијарди денари, и , потоа државата крева раце од проблемот со исплатата на другите средства. Топката ја префрла кај стечајните судии и управници, тие да ги решаваат понатаму маките на штедачите. Како што се знае со ликвидација на штедилниците и штедните влогови на граѓаните.

Почитувани пратеници , за тешките состојби што овие штедилници им ги донесоа на граѓаните не се виновни граѓаните, вината лежи во државата и нејзината Централна банка , која го толерираше и на некој начин го поттикнуваше незаконитото работење на штедилниците или пак не сакала да им помогне да излезат од тешкотиите во кои западнале тие штедилници. Зошто? За да пропаднат и како што реков пред малку штедењето повторно да се врати во постојниве банки во нашава држава кои како што знаете еднаш ги изгореа граѓаните. За тие банки што го направија овој грев и во првите години од нашава самостојност со високите камати го уништија стопанството, се донесе закон за санација. За нив се најдоа пари, а за санација на приватните штедилници нема. Нема пари. Банките се санираа и преку ноќ од државни станаа приватни, тоа е голема вистина. Ако е така, а така е, тогаш зошто не се санираа"ТАТУ"Алфа С"и"Лавци од Охрид. Зошто ТАТ се турка во стечај и ликвидација. Стечајот на ТАТ штедачите од ТАТ повторно ќе речам, не го прифаќаат, се знае зошто. Затоа што денес стечајните постапки се невидени грабежи на имотите. Штедачите од ТАТ се преплашени од таа

појава и се плашат дека таква судбина ќе ги снајде и имотите на ТАТ што сега им припаѓаат на штедачите. Се плашат дека и тие имоти ќе одат во некој неврат. Затоа се бара ТАТ да не оди во стечај. Стечајот на ТАТ значи и стечај на Битола и нејзините села. Ќе се дозволи ли такво нешто за овој намачен град и регион. Со овој закон се чини таа судбина ќе ја снајде Битола.

Ако државата е должна да ги штити граѓаните од неправилности и злоупотреби, криминал, мито и корупција и протекција тогаш е должна да донесе закон за надоместување на нивните штети што настанале од недоволната заштита од овие зла за граѓаните. Секое бегање од носење на ваков закон и Македонија може да ја снајде судбината на Албанија. Немојте господо пратеници, да дозволиме да дојде до тоа. Немојте Битола да стане втора Валона.

Сегашниве проблеми на овој сосед на Македонија настанаа со изиграните штедачи и тие мора да ни бидат опомена за нашево однесување при изнаоѓањето на соодветни решенија за проблемите на штедачите од ТАТ. Натаму во овој закон се вели дека исплатата на дел од штедните влогови на овие штедилници ќе се врши со специфична правда и правичност. Јас мислам дека ова начело во овој закон не постои. Законот не нуди правда и правичност во превземената исплата на дел од штедните влогови.

Инаку овој закон слободно можам да кажам дека е подгответен врз основа на Извештајот за ТАТ што го подготви Народната банка на Македонија, односно нејзините супер ревизори што битолчани не ги признаваат. Може ли некој господо да му верува на се она што во него стои, посебно сега откако врвните луѓе на народната банка на Македонија си поднесоа оставка и разрешници.

II/4.-

Господо, во ТАТ, како што реков, работеше Заводот за судско вештачење околу утврдување на состојбите во оваа штедилница, а потоа рековме да се донесе закон за обесштетување на штедачите, не само во ТАТ , туку и во другите пропаднати штедилници. Мислам дека овој Завод ја кажа правата вистина во ТАТ. Тие кажаа се. Колкави се пасивата и активата, колку вреди имотот што од око го проценија стручњаците од Народната банка на Македонија. Овој закон, пак ќе речам, штедачите од ТАТ не го прифаќаат. Тогаш господо пратеници за кого се носи?

Според мене,се разбира, и штедачите од ТАТ, чии барања во целост ги прифаќам и поддржувам излезот од тешките состојби во кои се најдоа штедачите, треба да се бара на две страни.

Прво, сите имоти на затворените штедилници да ги преземе државата преку Јавното претпријатие за стопанисување со станбен простор и да станат имот на државата. Државата да им издаде девизни обврзници на штедачите со рок на отплата од 3 години и исплата по 3 илјади марки подеднакво за сите штедачи. И тие што имаат по 3 илјади марки штеден влог или повеќе. Друг излез според мене нема. Девизните обврзници мора да најдат примена ако сакате и во Битола.

Господо, на крајот пропаѓањето на ТАТ не го предизвикаа штедачите кои цели пет години штедеа во оваа штедилница. Тие беа само штедачи, не контролори на штедењето или пласманот на нивните штедни влогови. Контролор беше Народната банка на Македонија, а каков контролор беше таа банка е прашање со познат одговор, откако првите луѓе на оваа банка си заминаа. Ако е така тогаш штедачите морат да бидат обештетени целосно, со главнината и каматите.

На крај уште еднаш ќе повторам, имотот на ТАТ да го преземе државата онака како што го проценува Заводот за судско вештачење, а не по проценките на Народната банка на Македонија на кои што штедачите , ќе речам кој знае по кој пат од Битола, не му веруваат. Оваа обврска треба да биде вградена и во овој закон што денес треба да се донесе.

Инаку, штедачите на ТАТ, како што знаете, се откажаа од една четвртина од своите штедни влогови , зошто денес да не се почитува и респектира овој нивни потег.

Благодарам.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван претставник на Влада, не случајно, на почетокот , од расправата пратениците од Битола не се јавуваа за збор, барем за себе јас имам впечаток, ќе го кажам своето мислење. Имено сметав дека проблемот на ТАТ и штедилниците"Алфа С" и "Лавци" е проблем на РМ и дека овој момент барем ние битолчани треба да сослушаме што другите мислат и како размислуваат да го разрешат овој проблем. Но, со оглед на тоа што немаше дискутанти бевме приморанр прво ние битолчани да се јавуваме, но се надевам дека ќе предизвикаме интерес кај сите останати поцелосно да го разгледаме овој проблем.

Во оваа прилика само би ве потсетил да се сетите малку каква беше атмосферата кога расправавме за овој проблем по иницијативата на пратеничката група на Либерално-демократската партија во оние моменти, во оние денови кога се случуваше аферата ТАТ. Тогаш навистина атмосферата овде беше сосема поинаква, некако напната и загрижувачка , наместо лежарната атмосфера која што владее.

II/6.-

Вчера реков дека барам одложуваше за седницата барем за еден ден од причини што беше набрзина, а така бевме известени како пратеници за оваа седница и втора причина што иако по заклучок на ова Собрание ние не го добивме извештајот на Народна банка на РМ за кој што г-динот Тантаров рече дека не му верува на тој извештај, а можеби и не е за верување и можеби овој Парламент ќе собере сила да покрене иницијатива за одговорноста на луѓето од Народна банка кои што се сега на чело на Народна банка што продолжија по инерција да се однесуваат како нивните претходници. Тоа е околу тоа прашање, а сепак колку тоа да е точен или да не е точен, тој извештај сепак ќе ни дадеше едни основни показатели, како би можеле поаргументирано и поцелосно овде да расправаме.

Ако се потсетиме на седницата која што ја одржавме по однос на проблемите во штедилниците воглавно провејуваа три работи околу кои што сите се согласувавме. Тоа беа дека е потребно парите на ограбените граѓани да им се вратат, второ да се откријат виновниците и причините кои доведоа до ваквата состојба и трето беше јавност во целата работа која што ќе се одвива по однос на ова прашање.

Но, пред да дојдам  на тие прашања би сакал со неколку реченици да потсетам на неколку факти и настани и иницијативи кои што по однос на ова прашање минатата година ги покренуваа пратениците од Либерално-демократската партија. Со ова имам само една цел за со ваквото потсетување укажам на потребата дека навремено треба да се разрешуваат проблемите затоа што откако тие ќе настанат се се посложени и на крајот остануваат нерешливи.

По однос на состојбата во штедилниците пратеничката група на Либерално-демократската партија уште во март месец минатата година, 1996 година, на своја конференција и печат укажа на сите аномалии и

проблеми со кои што ќе се соочат граѓаните во штедилниците во РМ. И, укажа на можноста за постоење на организиран грабеж на граѓаните. Морам да кажам дека од партиите на владината коалиција, тогаш тоа беше сватено како еден политички маркетинг на Либерално-демократската партија.

Уште еднаш потсетивме на таквата состојба во јуни 1996 година, за на крајот во јануари оваа година и со наша иницијатива го поставиме овој проблем пред Собранието на РМ. И, понатаму тоа беше игнорирано за да на крајот кога веќе се согледа дека нема бегање од една таква состојба, таа точка се постави на дневен ред и настаните се одвиваа како што се одвиваат овие денови.

Во една таква атмосфера Владата на РМ уплашени од состојбите кои што во тоа време се случуваа во Албанија за една иста вакв слична состојба , сметам дека панично реагираше и тука од оваа говорница се заколнува дека до крај ќе ги гони виновниците и да го открие "октоподот" во РМ и, веднаш кај пратениците на владината коалиција воодушевување дека сето тоа ќе се заврши. Но, моето мислење е следново. Сето тоа тогаш беше направено за да се смири моменталната состојба, за да се оттргнат граѓаните од своите барања и на крајот да се купи време за да откако времето по. Малку ќе почне да ги лечи раните и проблемите, да се заврши онака како што денес се намера да се заврши. Веднаш после таа седница, наредните денови се одредуваат жртвите кои што треба да бидат нападнати во тој момент. Се одредуваат личности, но пред се, морам да кажам само од Битола."Октоподот" во РМ е точно во Битола и ниеден метар надвор од Битола не е мрднат. За се што се случува во оваа Македонија одговорни се битолчани и треба се да сврти на нивни грб. Не сакам никого да правдам, Владата си е

надлежна со свои одредени институции, 1се има време ова мое тврдење со аргументи да го негира. Но, морам да кажам дека тие денови ме потсетија на едни темни и мрачни времиња за кои што сум читал само во историјата. Тие денови можевте да слушнете дека денес е притворен овој и овој, ноќеска се очекуваат уште пет видни личности во Битола да бидат притворени. Кој тоа може да го каже, кој тоа може да го напише. Или, можете да замислите ваква ситуација. ВД претседателот на општинскиот суд во Битола изјавува во весник, барем така пишуваше во весник, дека ќе бидат повикани сите девет пратеници од Битола со име и презиме, наредени сите девет пратеници како сведоци или сослушување, или не знам што. На кој основ, со кое право, тоа се дозволуваше. Во ниеден момент ниту претседателот на Собранието , ниту ова Собрание не стана да каже дека такво право за пратениците од Битола во овој момент нема. Се додека не се докаже дали се виновни или не во овој момент никој немаше тоа право да го прави.

Но, што се случува понатаму. Тие жртви се недоволни, мора да се бараат други жртви, затоа што атмосферата сеуште не беше смирена како што треба и наеднаш излегува списокот во сите средства за информирање на деветте или осумте пратеници, колку ли беа, кои што се вмешани во аферата "ТАТ". И, наеднаш• можевте да прочитате "октоподот"е откриен. Таткото на пратеникот Кире Видимче кој што имал штеден влог од 6000 денари, буквално 6000 денари, тогаш 220-тина германски марки, е октоподот во Македонија.

III/1.- ПЈ/ЉР

**СЈ10Б0ДАН НАЈДОВСКИ**: (продолжение)

Мајката на пратеникот Слободан Најдовски се кажува има 5 договори на нејзино име, без притоа да се види дека од сите тие договори само еден договор е валиден на 1.000 ДМ и сега мојот брат може да ме тужи што му ја нарушувам тајноста на неговиот штеден влог, бидејќи на штедната книшка од тие 1.000 ДМ. е тој полномошник.

Г-до, што го бркавте октоподот што ги читавте тогаш тие пратеници. Со 1.00 0 марки, со 200 мерки колку што ги читавте тие штедни влогови, вие трошевте во една вечер, или половина од вашето одело- навистина битолчани не подлегнаа на таа атмосфера дека со 1.000 или 200 или 300 ДМ. и со ред другите пратеници кои имале чесен влог, за кои што се вели дека имале изразито камата по каматната политика на ТАТ, кои што тие денови ги читавте, верувајте не ги залажавте^ битолчани.

Кога сме кај изјавите она што го рече и г-.динот Тантаров би го повторил уште еднаш. Изјавите, ако добро се сеќавате беа за сите штедилници во РМ. Ги изнесовте само од ТАТ, иако беа неточни изнесени, без разлика ние имавме потпишано изјави дали имаме штеден влог во штедилница со шпекулативни камати. Но, сепак не криеме ,јавни личности сме и нека излезат и нашите. Нека излезат податоците, но прашањето е затоа тогаш не ги објавивте имињата, на оние кои седеа во штедилницата Лавци, оние кои штедеа во штедионица Алфа С.

Јас морам да ви кажам дека многу ќе заглибевте, изгледа ќе зафатевте некое ваше ткиво, кое што при лежењето рековте дека нема да боли ама многу ќе ве здоболеше и од тие причини не ги објавивте. И после овие настани, после еден ваков пристап сметам дека Владата очекуваше

дека работите ќе се смират, дека граѓаните веќе се задоволат, кажавме неколку луѓе, пратениците се виновни, овие се виновни и дека цела работа ќе се смири. Но, заборавите еден голем факт. Парите што граѓаните ги изгубија, ги изгубија и покрај тоа што ќе ги бараат виновниците за тоа што се случи, сепак ќе си ги бараат во прв план. Затоа продолжија понатаму и сите протестирања, затоа продолжина и организираните настапи на штедачките одбори и здруженија.

Во таа прилика морам да кажам, дури во таа фаза на барање на штедачките одбори, инаку, иако беше неколкупати во јавноста изнесувано дека имало средби со пратениците од Битола, морам да кажам дека ние учествувавме само на три средби од кои на едната присуствував кај министерот за финансии г-динот Таки Фити и на две средби кои што беа одржани во Кабинетот на г-динот премиер Бранко Црвенковски, на кој што присуствуваше исто така министерот за финансии и претставници од Министерството за финансии.

На првата средба беше договорено, со оглед на тоа што судското вештачење во ТАТ трае, да се причекате 15-тина дена и врз основа на тие показатели да се седне и да се разговара. Иако поминаа повеќе денови од тие 15-тина сепак, не беше тоа некој посебен проблем, можеби по еден месец, повторно седнавме на разговор кај премиерот на Владата на РМ. На тој договор беше заклучено иако имаше еден предлог, кој што од порано беше присутен, Владата на РМ да го презеде имотот од штедилницата ТАТ и со овие пари кои што сега ги предлага во овој закон, со извесни договарања со штедачките одбори и здруженија тој предлог да го достават до Владата на РМ, Владата на РМ да го разгледа тој предлог и врз основа на тој предлог и ставот и мислењето на Владата да се гради понатамошен договор и предвидување на ставовите. Морам да кажам дека до ден денес тоа не е направено.

Одборот и здружението на штедачите предложија таков предлог но од Владата на РМ до ден денес таков одговор нема.

Сега би се задржал конкретно на некои работи кои се поврзани со ТАТ и кој што ние пратениците, навистина, ама баш ништо што е поврзано со ТАТ немаме информации и она кое што требаше да ни се даде со одлука на овој Парламент, тоа е извештајот на НБ не ни се даде и уште еднаш се покажа дека овој Парламент навистина некои одговорни токму кои договараа на овој Парламент го третираа како алајбегова чалма и ништо повеќе, а нас пратениците како последни луѓе во оваа држава. Но, сепак, затоа што ги немаме тие податоци јас би ги навел прашањата кои што во врска со ТАТ треба да се одговорат за да може овде аргументирано и квалитетно да се расправа по однос на овој закон. Тие прашања се следниве.

Прво, не знаеме дали изнесената пасива која што е изнесена преку различни конференции и штампи на одговорните лица се како од книшки или е од штедните влогови кои се во книшки, или има и нешто друго.

Второ, колку изнесуваат обврските по издадени штедни книшки.

Трето, дали каматите внесени во книшките се по каматната политика ан ТАТ', или камата која за. утврдува Народната банка.

Четврто, дали има коригирани договори во книшките и дали сите ги прифатиле, сите штедачи на ТАТ:

Петто, дали Народната банка односно нејзините вработени кои вршеа контрола во ТАТ издаваа штедни книшки од ТАТ и по кој основ. Затоа што и вие самите знаете дека имаше тврдеа>а од одредени штедачи дека вработените на НБ без присуство на вработени на ТАТ Издаваа

штедни книшки. Јас го поставувам ова како прашање и како дилема. али сеуште има штедачи кои немаат штедни книшки.

Седмо, како е проценет имотот на ТАТ.

Осмо, дали се коригирани каматните стапки на повластените кредити.

Деветто, дали се евидентирани сите кредити.

Десетто, дали има податоци и согледување на НБ и надлежните служби на нашата држава каде исчезнала разликата помеѓу активата и пасивата односно каде се украдени парите.

Единаесетто, колку персонален данок платила ТАТ. Морам да кажам дека на разговорот кој што го имавме ка ј премиерот на Владата на РМ од претставникот за финансии, јас колку што успеав за забележам беше речено дека некаде околу 6.800 иљјади ДМ е платен персонален данок. А инаку по пресметките требало да се плати некаде околу да се плати 16 милиони ДМ. С&га не е виновна воопшто не е виновна Владата на РМ, не се криви државните органи на државата, кога некој не платил десетина милиони ДМ: Значи за тоа, сепак е крив некој друг, не е крива Владата. Тие се прашањата кои што сметам дека во врска мора да се разрешат ако се сака да се донесат квалитетен закон.

Би се задржал со неколку. зборови околу самиот закон,

Право, самото име на Законот кажува дека се работи за кредитирање за форма на кредит. Јас го поставувам прашањето кого овде кредитираме, дали некој се запрашал. Ќе ги кредитирате штедачите што се ограбени? Не треба, нивните пари сега да им кажете дека ќе ги кредитирате . ја кредитирате штедилницата ТАТ? Не можете да ја кредитирате, затоа што велите од утре ќе оди во стечај. Основното

прашање е кого вие навистина кредитирате.

Второ прашање кое што е наведено во Законот, се вели дека штедните влогови ќе се рачунаат по семејно домаќинство. Машала, малку, по малку ќе не вратите во првобитно родопство временско општество. Како вие ќе утврдите дека членови од едно семејство имаат штедни влогови, со тоа што ќе докажете дека живееле на иста адреса. Па, во селат нема ни адреса, нема ни улица, ни број. Имаме фамилија каде што носат исто презиме. Гледајќи ги како ги објавивте овие податоци, за пратеници и нивните договори, вие навистина нема никогаш ова што овде се залагате да го постигнете. Затоа што и сите договори, онака како што ги објавивте на пратениците, кои што се одамна изминати, најверојатно вие ги рачунате во активни договори. Затоа , исклучиво сметам дека ако сакате да го разрешите проблемот треба штедните влогови да се рачунаат исклучиво во штеден влог, односно носител на штедната книшка.

Следна одредба која што ја имате предложено се вели дека за штедните влогови над 50.000 ДМ, дека треба да се покаже потеклото на тие пари. Верувајте ми, најискрено ви кажувам, прв ќе се потпишам за донесување на закон којшто ќе врши испитување на потеклото на имотот на сите во оваа држава, почнувајќи од нас овде, па до последниот Но, во овој случај вие да поставувате само тоа дека во Битола треба да се испитуваат, не знам од каде вие таа законска основа и не знам од каде вие тоа мислење. Имаше предлог пратениците да предложат амандман, со кој овој член ќе се поништи. И што ќе се одлучи потоа? Со оглед на тоа што ова е цела политика односно политичка игра замислена, ќе се каже да, Владата сакаше да ги открие кои се арамиите, ама пратениците предложија амандмани и заради тоа Владата го прифати тој амандман да не се испитува. Затоа, сметам дека овој член навистина нема никаков

основ, а уште еднаш повторувам прв ќе се потпишам, за предлог на таков закон за кој ќе го изготви Владата за да се испита потеклото на имотот во сите на оваа Република Македонија.

Следен член, кој не само што е дискутабилен, туку ќе биде најпроблематичниот. Вели: "редоследот на исплатата од стечајната маса ќе го врши стечајниот управник. Вие ја знаете состојбата каква е со стечаите кај нас. Кажете ми еден успешен стечај кој што се изврши во оваа држава. Јас ќе ви кажам дека таков нема. Секој стечај што се направил е само за стечајниот управник и најголемиот грабеж, всушност во оваа држава се состои при тие стечаи. Предлагате дека стечајниот управник ќе го одредува редоследот, а истовремено не предлагате врз основа на кој критериуми. Само уште едно правите, едно големо чекмеже му отворате на стечајниот управник и еден голем прилив на финансиски средства, затоа што тој нема што друго туку ќе му речеш за да дојдеш ти на ред после на редоследот за да земеш пари, ќе ми дадеш 10 или 15% од сумата која што ја имаш. Инаку, јас не гледам друг критериум по којшто ќе се раководи стечајниот управник. Што значи дека вие навистина несреќна и лоша формулација.

И последното со законот кое што сметам дек треба да се направи ако сакате да постигнете и да направите добар закон, тоа е влоговите мора да бидат изразени во Германски марки по курсот кој што важеше на денот на престанувањето на исплатата во ТАТ, Во спротивно, јас сум убеден дека тоа немерно сте го одолговлечувале досега, затоа што уште тогаш сте имале намера за девалвација на денарот и да ги оштетите штедачите со 16%. За да тоа не го мислам така, сметам дека ќе има, која што влоговите ќе се сметаат по курсот на денарот на денот на престанување на последната исплата.

III/7.-

Затоа, моите заклучоци би биле следниве. Ако во законот се наведени причини заради кои што треба законот да се донесе, јас ќе кажа, причини заради кои законот не треба да се донесе.

Прво, пратениците не располагаа со точни и веродостојни податоци за со што се работи, за колкав точен износ на потребни финансиски средства се работи за целосно обесштетување на штедачите. Што значи дека ние како пратеници не треба да си дозволиме слепо да му веруваме.

Втора причина е донесувањето на овој закон ќе значи само делумно затворање на аферата ТАТ, а со тоа никогаш нема да се открија вистинските причини, вистинските виновници поврзани со штедилниците и организираниот начин и грабеж на граѓаните на РМ.

Трета причина е што придонесувањето на овој закон потребно е еден поцелосен пристап кој ќе го содржи извештајот на НБ, извештајот од Министерството за финансии за извремените контроли по однос на даночните обврски и извештајот од Министерството за внатрешни работи за преземените активности во врска со ТАТ.

Четврто, да се обидеме да ги приближиме ставовите на Владата и на штедачите од овие штедачи. Само во еден таков случај ќе можеме да расправаме квалитетно,. аргументирано и да донесеме адекватен закон Се друго ќе остане само политика замислена од најтесниот врв на партиското раководство на СДС и негова припрема за изборите во Битола.

На крајот би рекол уште нешто што го добивме во текот на оваа седница. Сега гледам дека се дели извештајот за работата на НБ. Од суперревизијата. Ми рекоа дека е околу 90 страници. Немојте да правиме уште поголеми гафови и грешки. Сега кога расправаме да се дели материјалот од 90 страници.

III/8.-

Втората работа ни е поделен заклучок од координаторот на пратеничката група на СДСМ, кој заклучок гласи вака: "Собранието на РМ и препорачува на Владата на РМ да ја согледа можноста за преземање на целокупната актива на штедилницата ТАТ, Алфа С и Лавци со  цел да се избегне било какво обезвреднување на имотот, кое би можело да настане во процесот во спроведување на стечајната постапка и во рамките на нејзините надлежности и законски можности,да предложи можно решение за надомест на обврските кон штедачите во овие штедилници". Јас секогаш сум настојуваа да бидам стрплив, но да ви кажам едно, кога го прочитав ова веднаш реков, поголем цинизам не сум видел Мене ми е жал што координаторот на пратеничката група на СДСМ не е информиран дека еден ваков формулиран заклучок буквално е последниот разговор кој што го имавме со премиерот на Владата на РМ, за кој што јас зборував дека до ден денеска немаме одговор. Кого сега го залажуваме ние со заклучок кој тој никого не обврзува, со никакви решенија во Законот дека и препорачуваме на Владата тоа и тоа и ќе ја реши состојбата.

Затоа, би молел дека не треба на ваков начин да се играме и да купуваме време. На крајот би заклучил со тоа дека ќе настојувам доколку има потреба и во текот на расправата, аргументирано да ве убедам да не го изгласаме овој закон. А доколку и тоа не се успее. навистина, јас не би сакал и не можам да си дозволам да учествувам во самиот чин на гласање при донесувањето на овој закон. Тоа не претставува никакво мое бегање од борба за аргументи и почитување на ставовите, но сепак велам дека крајниот чин кога веќе ќе се согледа дека не успеавме ништо во тоа да ве убедиме дека таквиот чин не треба да го правите, не ни преостанува ништо друго. Тоа не значи дека ги прифаќаме и оние

ставови на поединци исто така инструирани од одредени политички кругови дека пратениците веднаш треба да си поднесат оставка. Напротив, пратениците треба до последен момент да се бранат, да се борат да ги бранат интересите на граѓаните и на штедачите. Но, реков дека во самиот чин на гласање не би сакал да учествувам во лакрдијата која што се прави.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам само едно појаснување,

Извештајот за сознанијата од супервизорската контрола ви се поделува сега. Г-дин Најдовски вчера укажа на потребата од овој извештај и јас побарав веднаш да видам каде е проблемот во врска со неговата дистрибуција. Дојдов до сознание дека не е проблемот во НБ. Како што гледате таа го испратила многу навреме, уште на 6.06. 1997 година. Проблемот настана на релација помеѓу мојот Кабинет и Стручната служба на Собранието. Бидејќи е доставен меѓувреме и извештајот за извршената контрола од преземените мерки од страна на НБ, некои мислеа дека тоа е завршена работа и поради тие причини се доцни со извештајот. Дека нема тенденција ќе кажам дека во него нема нешто што не е познато на македонската јавност, буквално се што пишува во извештајот и што нема никаков степен на тајност, за разлика од оној материјал што ви е доставен и кој што има степен на тајност, строго Доверливо. Според тоа и едно мое извинување и јас сакам да ви дадам пауза од 1,5 половина до 13,30 часот да го погледате извештајот, со уште една напомена дека нема ништо ново што не е прочитано или не е кажано во електронските медиуми. Но, еве бидејќи се инсистира на тоа до 15,30 часот пауза, па тогаш и ќе продолжиме.

Процедурално г-дине Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас би сакал да реагирам да не се сфати дека јас ја барав паузата сега за овој извештај да го читаме. Затоа што вие рековте имаше забелешки, јас еве и сега сметам дека за еден ваков материјал не еден час, час и половина колку што вие давате на крајот пратениците не ќе можат ниту да се припремат ниту ништо. Така, сметам дека ваше е право да одредите пауза, но односот кој што е направен сега да ни се дели извештајот и за еден час да го прочитаме, тоа е ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, не прифаќате пауза. Знаете, еве да се обидете што не е познато на, јавноста нешто од оваа содржина. Јас сепак предлагам пауза во 15,30 часот. А ако вие сметате дека нема потреба, тогаш да не правиме пауза.

Нема потреба? /нема/

Тогаш продолжуваме со работа:

За збор се јави г-дин Стефановски.

IV/1 СП/НД

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:**

Јас би кажал неколку збора, сигурно со едно чувство дека ете како човек кој интензивно последните шест години учествува во политичка партија и еве последните години две во Парламентот, можеби на најсуров начин ја доживеав интимно, политиката. Можеби онаа реченица која е многу јасно кажана дека во политиката ако извлечеш нерешено е голем ќар, кога ќе си заминеш.

Сакам да кажам дека четири месеци живееме во продолжение на ТАТ. Таа тема е повеќе конјунктурна од, на времето, династии и подобар живот. Зошто е тоа така? Затоа што јавните гласила, медиумите тоа го прават на најдобар начин без разлика дали се работи од страна на позицијата или опозицијата. Многу примери ќе ви наведам за тоа. Во овој момент е многу лесно и на најдобар можен начин тоа се афирмира да се жигосаат или да се осудат луѓе за кои сеуште нема судска разврска. Се разгоруваат најниските страсти кај луѓето, маркетинг, афирмација на некои луѓе кои сигурно не би дошле до таа трибина каде би можеле да кажат зборови слушани од луѓе, маси и сето тоа за цел која сеуште до крај не ми е јасна.

Во овие моменти тие прилози треба точно да ги кажам за да ви станат појасни. Од сите страни на денот на притворањето на битолскиот градоначалник тоа е направено во 17,00 часот, а во 21,00 часот е направена емисија "Без наслов но со повод" , една получасовна или 15 минутна емисија во вид на Ал Капоне. Една кратка епизода со многу време, еве стручни луѓе нека кажат дали може за краток период да се направи), меѓутоа, тоа се случува на нашата национална телевизија која за жал, во последно време нема средства за играни серии, нема средства за снимање на театарски претстави, важни фестивали, она што

дигнитет на овој народ. За политика имаме време и она што говорев претходно кога зборувавме за македонската телевизија околу избор на директор тоа го посочив, за жал тие негативни состојби сеуште не се афирмираат на еден позитивен начин кој ние како уметници го чувствуваме. Не знам другите гласила, другите медиуми исто така одбираат луѓе кои ;во себе содржат голем дел на омраза, дел на нешто кое го немаат реализирано и сега истоварајќи грст на пцости и највалкани работи врз луѓето кои на некој начин се гибнати во оваа афера да му пресудат на многу брз начин онака познато од историјата многу препознатливо и многу нехумано. Тоа е проблем кој и денеска и претходниот ден пред годишните одмори на прав начин се кажа и во јавните медиуми и во јавните гласила без разлика која страна дали е тоа од страна на оние кои ги викаме државни или од другите кои се од опозиција. Тоа е тој проблем со кој треба сериозно да се бавиме дека тоа не води кон добро на македонската држава, не води кон доброто на македонскиот граѓанин не води добро кон демократијата на Македонија. Морам да изразам длабоко загрижување и за кое сакам да ги повикам најодговорните луѓе претседателот на Републиката, претседателот на Владата, претседателот на Парламентот тоа да го спречат. Тоа не е интерес на македонската држава. Служи како лош пример и пример кој е виден и препознатлив во блиска околина и блиско минато.

Да тргнеме околу она зошто изразувам резерва иако сум човек кој сака да тргне кон искрената намера мислам дека Владата има искрена намера да ги врати парите на чесните штедачи. Тоа беше целта, тоа беше препознатливо на говорот на Претседателот на Републиката во говорот на претседателот на Владата. Оттаму, сакам да застанам и да ги штитам тие луѓе кои чесно вложиле средства, сигурно со некој интерес бидејќи во банка и штедилница никој не оди без интерес. Ако ми се

каже дека  има и таква, кажете ми, тоа е новина за нашето македонско банкарство Таква работа мене не ми е позната. Ние констатиравме дека чинот на штедеше не смее да се стави на работ на срамот.

Бидејќи многу малку се слуша овде, веројатно сите си имаме свои асоцијации, јас ќе се потрудам што пократко да ги спомнам некои работи кои мене ми оставаат резерва.

Прво, кој е проблемот на законот? Недовербата кон стечајната постапка. Таа стечајна постапка не еднаш е изиграна на најбезобразен начин од поединци или од луѓе кои биле во Советот на доверители. Всушност имаме нов предлог на закон, зошто е ставен ако не е заради тоа. Затоа што та стечајна политика на тој начин не е истанца која ќе ги разреши проблемите на граѓаните и вработените. Од таа гледна точка не можеме да се помириме и не можеме да застанеме зад тоа и да го браниме за да утре генерации и генерации луѓе и оштетени фамилии не застанат и не не обвинат за нешто кое значи полтронство кон оваа страна или кон другата страна.

Вториот проблем, Предлогот кој ни е доставен од страна на Пратеничката група во вид на заклучок на Собранието. Зошто не може да опстои тој проблем, според мене. Видете, колку заклучоци се ставени најмалку десетина, ,а ќе ви кажам само два за кои на најбуквален начин тоа не е реализирано. Ова што денеска го кажувате, меѓутоа, ќе се сетите ние имавме некаков заклучок за културата со получасовни филмови, но денеска културата е на уште полошо рамниште. Тој заклучок не е реализиран. Заклучокот за жал, во институцијата Собрание не се покажа како некаква рамка која ќе ги подобрува ситуациите во било која гранка па не мислам дека на овој начин ќе ја подобри овде. Затоа интерпретирам во вид на закон, ние како предлагачи се ставивме за

да едноставно она што значи закон е нешто кое повеќе обврзува и мислам дека таа институција тешко може да се изигра. Истото тоа е направено во вид на закон.

Во образложението на законот стои дека најоштетените граѓани ќе бидат обештетени до 3000 ДМ. Во образложението денеска, за жал таа бројка не е соодветна со ова што значи денеска. Се извинувам, во образложението стои 500 ДМ претворени во денари и тука мора амандмански тоа што државата го кажува мора да биде така за да народот ја има довербата. Целата расправа се водела тука само за да се врати довербата кај граѓаните. Она што претседателот го кажа за мене претставува нешто кое треба да стане од тука натаму од овој пример луѓето да веруваат дека и ние можеме да најдеме снаги како едни Соединети Американски Држави или некаде каде позитивно се разрешувале а не да го гледаме како парцијален проблем на Битола и не треба од ова да се двоиме на разни градови или позиција Битола Скопје. Не сакам да се распламнуваат такви страсти. Ќе ви кажам дека некои луѓе тоа го прават. Само пред неколку дена во Битола дојде Телевизија "Орбис" водачот на најголемата опозициона партија господинот Љубчо Георгиевски и покрај сите кажани работи што мене ме тангира зборува некакви невистини и кажува децидно ќе интерпретирам вака: "На кого да му вратиме пари, на тој директор на театарот Благој Стефановски кој секаде во Скопје се претставува како цар, а во Битола се крие по куќите". Видете тоа го става во функција водач на најголема партија човек кој утре може да застане на чело на некој а институција  или на држава (реакција од пратениците) добро јас го говорам ова како некој проблем кој ете тежината на луѓето кои сме најдени од оваа страна. Ве молам, тоа не е нешто кое може да ја води напред оваа држава. Ние не можеме да се делиме на тој начин.  Тој господин знае дека некои претстави кои одат

тој тешко можел да ја изговори буквата "М", тој господин што оговара ги правел тие претстави од типот на "Пиреј", "Подземни републики" каде доаѓале и правеле конгреси и не платиле за тие работи. Сме се бореле таму каде било тешко каде тој кога се бавел со некаква еротска поезија не можел да го каже ,тоа на најтврдите позиции каде што пукна таа Стара Југославија на "Стерино Позорје" ние одевме со тој бран. Тоа што ме жешти од тој момент малку емотивно разговарам. Тие проблеми не можам да ги голтнам како човек без разлика кој последици ќе ги имам потоа. Не е битно. Ние мораме кон сите добронамерни кон сите оние добронамерни кои ја сакаме државата да ја вратиме вербата. Овој закон има таа функција, инаку кому му е потребен.

На крајот ќе ви кажам уште една работа, целата истрага стручно нестручно требаше да одговори каде се тие 30-40 милиони ДМ минус. Ве молам, одговор на тоа нема. Тоа е суштината. Она што се вели во сите обвинувања се попратни проблеми како што се затајување на данок, фалсификати, суштината е каде исчезнаа тие пари. Ако се дел од некакво каматно одредување, во вид на камата дадена на граѓаните тогаш некој не водел сметка дека тие камати не можеле да го покријат она што значи или е некакво пирамидално штедење, никој не одговори што е тоа. Има толкав капитал, тие исплати во вид на толкав број исто така не се кажани, не се кажани ни луѓето кои имале повластени камати. Ние знаеме само 8 пратеници, знаеме градоначалникот и уште три четири луѓе. Цела- та работа е завиена во обланда. А ова ги тера луѓето да мислат, па во Битола не сме луѓе кои ќе гледаме во темни наочари. Не знаеме кои се личностите, не знаеме дека тој градоначалник има 22 илјади и денеска н знам вчера е речено дека и портпаролот на СДСМ е повикан да си даде оставка без судско решение. Кој го има тоа право да го каже? Јас тогаш реагирав и на претседателот на Демократската партија Томе и не претседателот на Либералната партија Андов, на

ВМРО-ДПМНЕ само од тој аспект ако е виновен секој нека одговара, меѓутоа, не може однапред да се осуди. Тоа е онаа теза против која треба сите да се бориме од било која страна да доаѓа, од било кој новинар од било кое гласило. Сите треба да застанеме и да го жигосаме. Само така може да оди напред оваа држава. Тоа е видено пет-шест души сега ќе, се ослободат како "црно петно" или "искривено огледало" од некоја страна, ќе дојдат некакви послушни кадри и се ќе биде лесно. Нема да биде лесно. Пред да се отвори аферата ТАТ реагираа тој ист господин кој мене сега ме вовлекува кажува дека Битола ќе биде Валона. Испаѓа дека има видовити луѓе. По смртта на Ванѓа сето тоа се преселува во Македонија, многу видовити луѓе пред да станат обвиненија некој кажува во весници ТВ програми за кратко време се јавија многу видовити. Дајте господа да се ослободиме од овие работи. Тоа не ја води оваа држава напред. Оваа држава може само со луѓето што ги сакаат правите работи. Демократскиот процес на една држава се гради со години јас знам дека не може преку ноќ, меѓутоа институциите на државата тоа треба да го почитуваат. Тие што сега кажуваат, се закануваат ќе изгорат куќи ова, она, на тој начин нема да се реши проблемот. Го видовме примерот во Тетово таквите страсти кои во овој момент ќе победат не водат кон доброто на оваа држава, кон никој, кон ниеден граѓанин на оваа држава.

Ве молам, доколку биде потребно.Тие амандмани ако треба правна исправка, не сум правник, нека претрпат измени, но суштината е таа. Всушност тие амандмани зборуваат исто што зборува оваа одлука дна Собранието. Меѓутоа, законот, без разлика која е таа Влада, обврзува дали ќе биде владата на позицијата утре владата на опозицијата, немојте да си играме пет парачки работи истите луѓе викаат не враќаме пари на овие и оние, таму се граѓани не се по партиски книшки. Изгледа пресметката со ТАТ ни служи за партиски маркетинзи за брзо доаѓање

до нови избори. Дај боже да дојдат правите луѓе подобри од сите нас немојте Македонија, и тогаш го говорев нема многу луѓе, немојте на вакво начин да се жигосувате. Тоа најмалку треба да го прават луѓе кои во овој момент ќе бидат од едната или од другата страна. Тоа не е целта поготово на нас кои сме во Собранието.

Ви благодарам ако ме подржите во амандманите, благодарам на сите луѓе ако ме поддржат и еднаш треба да пливаме во чисти води. Охридското езеро го чистиме со колектори и ова друго загадување треба да го чистиме оти не може двајца тројца луѓе да се подметнат за да викаме дека ете расчистивме и сега одиме напред. Тежок е овој пат. Транзицијата е тешка. Не може наеднаш ние кои учевме во некое социјалистичко општество, самоуправување, сега наеднаш сите сме експерти за работи кои ги носи новото време или пазарната економија. Ќе се повикуваме едни на други,ќе се плукаме, но тоа нема да биде добро за оваа држава.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Јанкуловски.

V/1.-ЛП/МЛ

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, на поче- токот морам да констатирам дека измина многу време околу враќањето на заштедата на граѓаните во Штедилницата ТАТ и останатите две штедилници. Во овој скоро петмесечен период се случуваа многу настани, многу договарања на релација штедачи, Влада, пратеници од Битола - Влада, но до целосно решение очигледно не се дојде, иако морам да нагласам дека на последното договарање меѓу членовите од Советот на штедачи, односно Здружението и Одборот пратениците и Владата, се приближија размислувањата за да биде конечно решен овој проблем.

Господа пратеници, мораме да сфатиме дека барањата на оние вистинските штедачи за да им се вратат нивните пари се оправдани. Замислете да издвојувате во целиот животен век и од онака ниските примања, ниските лични доходи, да ја издвоиш заработувачката од собирањето на лековити растенија, шумски плодови, бидејќи имаше и такви, да ја издвоиш отпремнината за пензија, да го издвоиш сето она што го работел земјоделецот мислејќи дека нешто ќе спечали и потоа ќе направи. Некој си ја продал сопствената куќа, сопствениот стан, потоа има случаи каде тешката заработувачка на печалба ја ставил во овие штедилници и многу други случаи, со цел да планира некоја своја иднина, каде навистина со пот заработени- те пари одеднаш ги губи. Се прашувам дали толку многу ваквиот штедач е виновен, за да не му се помогне барем своите пари да може да си ги поврати. Можеби некој ќе го постави прашањето зошто ги ставаше во тие штедилници. Мојот одговор би бил следниот: Дека конкретно Штедилницата ТАТ сите знаеме дека во тој изминат период важеше за една од најголемите и најсигурните

штедилници. А велам најсигурна од причини што знаете и самите какви оценки Народната банка даваше на оваа штедилница. Потоа, оние одликувања на самата директорка од страна на државата. Мислам дека кој и да беше, кој и да се најдеше во таа средина, доколку имаше било каква заштеда ќе ја однесеше и ќе ја довереше на оваа штедилница.

Затоа, ќе ве замолам, да не се поставува ова прашање, може да доведе до поинакви размислувања, а и онака знаете дека секакви размислувања постојат кај штедачите и мислам дека вистинскиот одговор е ова, дека оваа штедилница беше доста сигурна и на некој начин штедачите беа повикувани да ги донесуваат парите во институциите на државата. Тука пред се се почитуваше Народната банка, Народната банка ги вршеше тие контроли и ги даваше тие оценки.

И покрај тоа што овој проблем беше работа на Народната банка на Македонија, сметам дека ние како пратеници избрани од нашите граѓани треба заеднички со Владата да помогнеме, а помошта ја гледам во тоа што, еве, од група битолски пратеници имаме доста добри амандмани, а со гласањето по тие амандмани мислам де- ка ќе се придонесе да се реши овој проблем. Решавањето на овој проблем сметам дека ќе биде во следното: штедните влогови, откако ќе ја откупи архивата државата би се вратиле во износ од 60 до 70% а преку останатите амандмани мислам дека ќе се најде решение и задоволство кај штедачите и целосно да бидат вратени со оние реални камати.

Во конкретниот случај, преку овој закон, Владата колку и да сакаме да велиме дека Владата не се ангажира, јас не би можел да го речам тоа, бидејќи сепак Владата нуди нешто и доколку овие амандмани бидат составен дел, тогаш би се решило комплетно прашање. Практично, што е нагласено до овој закон.

V/3.-

Преку овој закон Владата нуди 20 милиони германски марки, толку беа, пишува во законот дека беа 20 милиони германски марки, дека Владата во рок од шест месеци ќе врати по 500 германски марки. Со ова ќе се обештетат 55% од штедачите. Сметам дека сепак ова не е доволно и морам да нагласам дека овој закон нуди стечај, кој претставува најголем проблем кај размислувањата на самите штедачи. Бидејќи искуството од овие штедачи кои досега ги имавме во- ди кон тоа штедачите да размислуваат со една несигурност за продажбата на самиот имот, обезвреднување на имотот и оттаму се нудат овие амандмани, државата комплетно да ја откупи активата на штедилниците, пред се тука поголема е на ТАТ и мислам дека со тоа би се решило барем 80% од враќањето на заштедата.

Исто така, предлагаме целата заштеда да биде претворена во германски марки на самиот критичен ден. Имаме уште неколку предлози, при што штедачите би биле целосно обесштетени, се разбира, доколку бидат прифатени. Би ве замолил за разбирање, бидејќи треба да сватите и сите заеднички да сфатиме дека во Битола има- ме една мачна ситуација, каде некои фамилии веќе не можат да си ги обезбедат основните намирници.

Сепак, на крајот, ќе кажам дека ова што беше споманто, Валона или не знам што,.мисла^ дека ниеден штедач не посакува Валона, секој искрен и вистински штедач си ги посакува само своите пари, кои чесно ги заработил и чесно ги внесол во една легална штедилница во тоа време. А затоа, уште еднаш ве замолувам да ги прифатите амандманите, за да се реши овој проблем за Битола, но не само за Битола бидејќи имаме штедачи од сите градови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

V/4.-

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЈТАВ СТО ЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници, тема која што сепак го дава приматот во овие неколку месеци и со право, тема која што очекувавме дека нејзината разврска, барем така оценивме, ќе претставува еден камен меѓник, од кој понатаму ќе ги бориме деновите, а уште повеќе ќе го нивелираме нашето однесување. Очекувавме дека со оваа афера конечно ќе воспоставиме ред не само во областа на штедењето, туку воопшто во однесувањето на сите субјекти во оваа држава.

Јас без охрабрен од сигурноста во настапот на премиерот на два пати во двата наврати дека е решен да се оди до крај, а затоа доби поддршка при реконструкцијата на Владата и дека практично аферата ТАТ и другите штедилници претставуваат еден од оние видови на криминално работење. На некој начин сето ова, со изминувањето на деновите, избледуваше, се даваа закони, предлози на закони, се одржуваа митинзи и состаноци во континуитет. Се користеа и во политички цели, што е сосема вред, затоа што без вакви работи политика та не би претставувала ништо, дури би била многу монотона. За жал, овде се работи за нешто многу посуптилно. Имено, ние денес сме пред еден предизвик, иако некој сака нарочно да го минимизира, дури и да го драматизира. Имаме оштетени граѓани, евидентно, не само од Битола туку од целата држава, имаме и други штедилници. Се повеќе во ТАТ учесници, меѓутоа, веројатно понатаму ќе се знаат и носителите на поголемите влогови. Можеби нив ќе ги пронајдеме од Алфа С, Македонија реклам и некои други. Прашањето, дали ние со донесувањето на овој закон, вклучувајќи ги амандманите, го разрешуваме проблемот или ризикуваме да направиме дури хаос во

V/5.-

оваа држава, во нашето однесување и во однесувањето на сите субјекти овде.

Кој е ризикот? Ризикот е ние да легализираме грабежи и потоа да ги покриваме сите во оваа држава, без да трепне некој, во што не би сакал да учествувам ниту лично ниту како претставник на Демократската партија на Македонија и втората опасност, до ка- де може да оди префрлувањето на топката. Сигурно не до бескрај. Имавме визии, ревизии, суперревизии, изменета е целата врвна гарнитура на Народната банка на Република Македонија и сега ќе ни биде најлесно овие луѓе, избрани дури и пред два дена да ги повикуваме на одговорност, а сето друго да го заборавиме.

Некои од дискусиите јас би ги прифатил како чесни и искрени, ако тој пратеник е член на Демократската партија на Македонија, па да се изначудува тука на се што се случува, на се што е направено овие месеци и овие години, меѓутоа, такво изненадување да искажува член на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и нему да му пречи ова, за мене можеби е чудно или, ако е тоа искрено, би го рекол еволуција, напредок на демократијата и во тие редови. Кој ги споменува фирмите што се инволвирани во оваа работа? Г1а ниту Томислав Бомба ј, ниту некој друг. Фирмите ги спомнаа кон- тролите, фирми кои "се обиделе ТАТ да го извлечат. Прво, јас повторувам, ТАТ го створивте вие господа од СДС, тоа е неприкосновено. Челникот на СДСМ е ваш советник во Собранието на Битола. Што ќе правиме од тоа, магла ли ќе фрламе тука. И сега некој е навреден?

**ПРАТЕНИК ОД МЕСТО:**

Два дена расправавме за тоа. Имаме закон пред нас.

V/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте да зборувате од место.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Законот треба да го изгласаме. Само ќе мора, сите велиме виновниците, нели? Виновниците ги викаме.

Не е тајна дека обидите да се пласираат средства да се интервенира се ближат во кругот јавно претпријатие за станбено - комунален простор во Битола, Млекарница - Битола, Пелистер Битола и друго. Тоа се докази што ги добиваме секој ден. Зошто овие материјали тогаш ги добиваме? Сега некој се навредува зошто тие луѓе сега се спомнуваат. Ај спомнете го Томе Бомбај, ставете го таму во тој список, дека јас сум виновник за тоа што се случило таму. Немојте така. Согласен сум дека никој не смее да биде прогласен за виновен додека не се докаже. Меѓутоа, господо, оваа страна (покажува со раката на десната страна во салата) избравте судии, избиравте обвинители, ваша е Владата, ваши се министри, ваш е и тој министер што апси. Ако треба, расчистете го тоа таму. Зошто некој е осуден без докази, зошто некој е во притвор, зошто нам ни се обраќате сега и барате од нас виновни и спомнувате Љупчо, Стојан и н. Политиката е таа, ќе си ги плати грешките секој што си ги направил, ако нема доблест да си ги расчисти тие работи, ќе си ја сноси штетата целата партија. Меѓутоа, основното при оваа расправа е господо, не треба штетата да ја плати државата. Државата си е држава, мора да биде трајна, мора да се бориме сите за таа држава. Инаку, индивидуални пропусти, обиди, сето она што е дел од нашата психологија и нашиот менталитет, зошто не се збогатиме, зошто да не добиеме, зошто да не направи- ме нешто ако тоа некој ни го овозможува. А некој го овозможувал тоа. Сега ние тука дискутираме, ова не го

прифаќаме, не прифаќаме друго, не прифаќаме трето. Тогаш што да прифатиме? Верувајте дека вам ви се јавуваат битолчани затоа што сте таму, а нам ни се јавуваат и битолчани и сите граѓани од цела држава. Ни се јавуваат од Македонија реклам зошто не е земена во овој контекст, ни се јавуваат од Југомаркет, од Ламброс - Ресен, ни се јавуваат многу интензивно и Здружението на девизните штедачи кое е многу организирано и го водат луѓе многу совесни и оспособени за таа работа, ги познаваат работите. Вака се поставува сега прашањето: Ние сме исто така ограбени и тоа со легално штедење во државни банки со камати кои ги имале сите, без привилегии, нас не ставате на страна господа пратеници, а ќе донесете закон за друго обесштетување. И тоа луѓе точно кои штеделе, без да има шпекула во тоа. Има едно додатно оправдување. Тие штеделе во една држава која потоа се распадна. Ние нив ги оставивме, донесовме закон. Не сум за тоа сега да не направиме напор да обесштетиме нешто, затоа што ако докажеме дека тие луѓе се заведени, дека некој ги украл нивните пари, сите тоа го велите, јас ќе го потврдам. Не може закон да гласаме, ниту еден закон, ако убаво ги набележавте вие сите претходни дискутанти од Битола. Ако не се знае каде е разликата меѓу активата и пасивата, каде е однесена таа, испарила и таа? Едноставно да знаеме каде, ќе донесуваме друг закон, ќе ни се каже. Ако треба доверливо, можеби тие средства се наменети некаде. Ако не се знаат привилегираните штедачи, не тие седум-осум, согласен сум, не со вакви износи, срамни, срамни да се појават луѓето во јавноста. Меѓутоа сигурно има и позначајни имиња тука и презимиња и не се плашам тоа да го кажам. Дајте да ги видиме и тие луѓе, да видиме кој ги штити, кој ги прикрива, како може да биде толкава разлика меѓу ревизијата и суперревизијата кои се тие сомнителни хипотеки, кој ги

давал, кој ги одобрувал. Денес читаме за носење во ташни кеш пари меѓу Виолета - да не спомнувам име, ќе бидам повторно обвинет за пристрасност и вели газдарица Соња Николовска. Тоа го пишуваат луѓе со потпис, потпишани се тие написи, не се анонимни писма. Медиумите имаат одговорност, извинете.

Вчера кога избиравте, господо, членови на Советот на радиодифузија и историски срамно ќе остане, во ходник е избран тој совет, за прв пат во историјата и убаво беше - да биде мој, да биде мој. Сега кога треба одговорност да се бара, не е мој. Па чии се тие луѓе од медиумите? Извинете, немојте така. Чии луѓе се? Ќе се правиме недоветни тука, или сакаме некој да не прави недоветни?

**ЕДЕН ПРАТЕНИК:**

Наши се.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно е, наши се, од сите нас. Од сите нас се, но кон некого се повеќе. Ги бираме по таа линија, тоа не е тајна. .Ние^ ј откривме тајната минатата година, со реизбор на директор на МРТ. И точно така треба да биде. Меѓутоа, кога бираме управни одбори, директори, министри и се она што значат тие институции, добро е повеќе мои да има, помалку други од некои незамисливо е да има некого. Кога ќе дојде сега одговорноста, треба да се поттурат плеќите и да се заврши работа.

Проблемот е тука, треба да се разрешува, меѓутоа, очигледно ако изгубивме три месеци со тоа што првите најави од оваа говорница беа дека ќе имаме извештај од Народната банка за најмногу еден месец,

сето тоа се виде дека не е така едноставна работа, па се одложи на два месеци. Се притвораа, се ослободуваа луѓе. Дајте да сочекаме уште малку, штом и штедачите не се задоволни од овој закон, нека се одмота клопчето од овие работи што ги дискутираме, зошто вината да биде на сите, зошто гревот да биде и на нас тука да се сомневаме во нешто. Тој што направил има еден граф, а сите ние другите имаме 100 гревови. Тој има еден грев што направил. Сите ние ќе имаме грев, ако оптужиме некого. Ако е така, истрагите се тука, треба да се подотвора, треба да се ажурираат и коа ќе имаме чиста работа, кој е виновен, тие луѓе имаат имот, сега слушаме за некои нови давани кредити. Сега се јавуваат нови фирми како должници, а во краен случај и почетокот на стечајот зошто не го донесеме, ако тоа е стечај кој ќе работи поинаку од досегашната пракса. Не да купува време, не да одолговлекува, да има примат, не судот да оди на годишен одмор еден ипол месец, туку да работи постојано и мислам дека ќе биде полесно да донесеме Одлука. Вака, верувајте, никој нема да биде задоволен, а не ни требаат тешки зборови. Зошто? Не ни треба такво нешто, ниту тоа има такви димензии, со полн респект дека ние не можеме да бидеме нечувствителни за оние несреќи кои ги има повеќе во Битола..Потполно сум согласен со тоа. Не може некој да ни припишува нечувствителност затоа што не сме од Битола, заради тоа што и штедачите нема да бидат задоволни од ова. Или пак ќе донесеме заклучоци за да го пролонгираме рокот - овие заклучоци тоа значат. Јас зборувам отворено. Уште некое време да се размисли, да се видат уште некои аргументи, да се приближат активата и пасивата и да се најдат реални извори. Секако ќе се постави прашање во натамошната расправа кои се тие средства од резервите на Народната Банка и дали за оваа намена, кои се тие средства од Буџет што треба да ги

обезбедиме во оваа ситуација на девалвација и веќе инфлација која зема замав. Ќе треба да се интервенира во многу сегменти. Ова прашање не е едноставно и која е гаранцијата дека со почнувањето на стечајот овие средства што се позајмица ќе почнат повторно да течат, да се враќаат. Многу тешко. Не сум оптимист, би бил најсреќен да ги обесштетиме штедачите денес 100%, а средствата за месец, два, три, пет месеци да се вратат 100%. Тогаш ние би ја изиграле улогата најдобро. Меѓутоа, веројатно тие што ни го предлагаат тоа, заедно најверзираните во На- родната банка, веројатно имаат поинакви сознанија, аргументирани и стручни за да ја прифаќаат оваа моја идила со потсмев. Сигурно дека е далеку од реалноста. Ако беше тоа реалност, немаше да се отвори ТАТ, ќе си одеше уплатата - исплатата, ќе се завршеше работата како и секоја легална и нормална штедилница.

VI/1.-JM/OM

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ** : (Продолжение)

Ние ризикуваме и овие штедачи да бидат незадоволни и сите други кои што штеделе да бидат незадоволни и повторно да го девалвираме во крајна мера она што значи навика да се штеди, а таква навика има во оваа држава. Меѓутоа, немојте да одиме со бараше на виновникот во некој друг атар. Ќе си го барате таму каде што е лоциран. Тоа ќе биде само предност за тие кои што ќе го признаат тоа. Се друго е префрлува-к>е на топката, споменување други имиња и презимиња само го подигате рејтингот на тие личности, а не го девалвирате.

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:**

Овие дискусии се познати, или така наречени на превртена ракавица. Ќе кажам бидејќи треба да не служи меморијата што сме говореле од оваа говорница дека пред 4 месеци беше кажано дека некои личности беа посочени од човекот кој што сега со своето учество во Демократската партија мисли дека ги има сите атрибути на демократ, а пред тоа колку што сум запознат бил член на истата партија каде што сум јас. Меѓутоа среќа што не сме во иста партија, очигледно не се служиме со ист речник и со исти заложби. Тоа е едната работа.

Прво ТАТ банката е во Битола и нормално сите тие кои контактирале е да бидат најблиску до Битола,.или од подрачјето' околу Битола. Ако било во Тетекс - Банка сигурно ќе биле некои таму институции. Значи тоа е првиот проблем.

Втората работа да се запрашаме како така мала партија, луѓе стално апострофирани дека се тргнати на страна и сето тоа побрзо ги разбираат отколку ние на власта, ем дека ќе бидат тие личности инволвирани, ем дека таа штедилница ќе пропадне и дека ќе се случи во Битола тоа што ќе се случи. Нема тука рејтинг,нема ништо. Јас Ви

кажувам тоа што е , тоа за што како личност секогаш сум се залагал. Метаморфозата, или преобразбата таа е типичен пример кај Вас. Тоа е тоа, за овие 6 години што се случи. И добро е што е така, бидејќи многу од тој апарат бирократски и сега е шлепуван низ оваа владеачка партија. И оттаму може да има и такви случи кои се случуваат. Не е идеално, голема партија, има разни луѓе таму. Не знам до кои кругови стигнуваат. Има се служат со такви, многу препознатливи. И за другиот водач на партија кажав , во него има многу блиски луѓе од културата, па знаат која е таа личност која што сакаат сега да ја црнат во Битола. Можат да се вратат, или отворено да ставиме . Проблемот е од говорница не можат да се интерпретираат весници, јас тоа Вас Ви го замерив. Јас не го интерпретирав Костатин Костадиновски што зборува за Вас, иако многу повеќе има право да зборува за музиката отколку Вие. Не го интерпретирам ниту Сали Рамадани што зборува за Вас од тука. И многу други работи што се напишани. Не можат тука да се коментираат тие работи, во овој весник читам ова, во оној она. Тоа не може еден водач на партија кој што сака да води и се пледира да е демократска. Не може на тој начин. Тие се лекции кои треба да ги научите. Проблемот е што не сте ги научиле, но мислам дека има време да ги научите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ги молам сите пратеници навистина да бидат коректни во обраќањето меѓусебно да го сочуваат личното достоинство и да го чуваат достоинството на колегата.

Г-динот Томислав Стојановски има реплика.

И дајте за темата да разговараме.

VI/3.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ.**

Јас тоа сакав да кажам г-дине претседателе. Може да се за- каже посебна седница па да се стави личноста на Томислав Стојановски очигледно е интересен во последно време, очигледно ги погодува работите па ќе закажеме една седница, неговата биографија, во која партија членувал кога немало други партии, каде бил, што бил, што направил во животот. ВО "Нова Македонија" државен весник покренато е обвинение против градоначалникот Силјан Мицевски. Што сега? Немојте така, Ве молам. Што сега браниме нешто , или ја префрлуваме водата на друг млин. Што е сега? Овој медиум ли не сакаме да го респектираме и што сега се навраќаме Стојановски што рекол, како рекол. Силјан Мицевски беше во притвор 20 дена. Јас реков еднаш. Или има обвинение минимално за таа личност, или треба да одговара тој што одобрил притвор. Еден мора да е виновен. Јас сум загрижен сега точно за демократијата г-дин Стефановски Значи некој може утре да ме затвори без вина и да ме држи 20 дена во затвор, а не сум виновен. Точно по тој прилог јас дискутирам. Еден мора да е виновен. Не може 20 дена да бидете во притвор без причина. Или загрижување е страшно тоа за нас , тогаш ние не одиме во демократски развој. Значи може нас сега да не изненади некој дома: ќе Ве затвориме, и 20 дена ќе Ве држи во притвор, а после ќе Ви се извини. Немајте така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

ве молам, немаме право никој од овде да осудуваме човек ниту пратениците, ниту Собранието. Единствено судот го има тоа право.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани министри, претстав- ници на Владата и почитувани колеги. Би сакал да земам учество во

расправата по предложеното решение .Нема да се задржувам долго бидејќи темата е таква.

Банките и штедилниците се финансиски организации кои се основаат како акционерски друштва , или друштва со ограничена одговорност под услови утврдени со закон. Тоа се правни лица кои самостојно вршат дејност заради остварување на добивка врз начелата на ликвидност, сигурност и рентабилност. Тие се носители на права, носители се на обврски и одговорности во правниот промет во однос на средствата и во однос на имотот со кој располагаат. Во тој правец овие правни субјекти и го определуваат и својот начин на работа и формата на внатрешното организирање, позицијата и односот банка, или штедилница и Народна банка на Република Македонија е јасно утврдена од аспект на контролата на законитоста на работењето и тоа контрола било супервизиска или инспекциска согласно надлежностите со закон според стандарди и по постапка пропишани од Народната банка на РМ, а утврдувањето на правилата и стандардите на супервизовската контрола одлучува Советот на Народна банка на РМ. Се разбира со контрола на документацијата доставена до Народната банка и непосредно со увид на документацијата и тоа со онаа со која штедилницата ја доставува до Народната банка се врши непосредна контрола. Меѓутоа по надлежностите по законската регулатива мислам дека на нас пратениците треба да ни е поодамна познато која е позицијата на случајот и локацијата штедилница, банка и Народна банка на Република Македонија. Она што денес е на дневен ред е последица на работењето на неколку финансиски организации и тоа пред се на штедилница "ТАТ" и тоа во фаза на некои штедилници кога се воведен стечајни постапки и во штедилницата која е во тек на воведување. Тоа значи помината е фаза кога се носи одлука дали се исполнети условите за покренување на стечај на постапка, за воведување која што одлука е поднесена од

страна на  гувернерот, меѓутоа да направиме потсетување, тоа можеше да биде поднесено и од други, дали се тоа доверители, дали е тоа носител на платниот промет. Дали се тоа основачите. Конечната одлука како фаза е исто мината за утврдување на условите за спроведување на стечајната постапка. Поминатa е жалбата по решението за што одлучува Советот на Народната Банка како и решението за воведување на стечајна постапка по приемот на конечната одлука. Тоа значи дека и резултатите согласно законската регулатива покажуваат дека штедилниците економски не можат да се санираат, а добро знаеме, или би требало да знаеме што значи пред санациона или санациона, постапка кога се воведува и кога од одредени правни и физички лица се прифаќа, или може да се прифати. Затоа почитувани колеги  воопшто не е спорно во каква постапка ќе се исплаќаат дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови и не е спорно и не е точно дека некој е обесправен во смисла дека му се ускратува можноста нема да бидат земени во предвид неговите побарувања. Меѓутоа сето тоа во стечајна постапка и под одредбите на законот за стечај.

Почитувани колеги имаме податоци во предлог решението на овие штедилници, посебно штедилницата "ТАТ" барем досега немаме промена во предлог и решението припишани, или исплатени камати 42 милиони германски марки архивирани и припишани или исплатени камати со активни договори 12 милиони германски марки или вкупно штедилницата "ТАТ" има припишано и исплатено или само препишано 56 милиони германски марки. Често пати и во расправата и во печатот па и од колегите произволни констатации за извршен упад во штедилница, за непочитување на постапка и т.н. Да направиме едно потсетување согласно Одлуката на Народната банка од 11.о2.1997 година кога сите штедилници се задолжени на сите уплатно- исплатни места да истакнат листи на прибрани штедни влогови по број на партија, по датум на вложување, по рок на вложување, каматна стапка, издавање на

штедни книшки, а се со цел да се постигне поголема уредност во работењето. Можете да замислите за каква соработка може да стане збор со штедилницата "ТАТ" и со самото тоа дека се објавени не целосни списоци на штедачите, а со тоа и поголем број на договори за штедни влогови и вкупен износ на влогови од прикажаните во официјалниот биланс и книговодството, можете да претпоставите :)&. каков вид на соработка може да стане збор. Затоа и на 5.о3. е поднесено судско барање согласно законот контролата на сите податоци за штедните влогови на физичките лица. Впрочем и самиот податок треба да Ви кажува дека на 31.12.1996 година книговотствениот износ на прибрани штедни влогови од 9 ипол милиони германски марки, она што по евиденција едноставно до Народната банка и фактичката состојба при извршената контрола на штедните партии од 113 милиони германски марки укажува за каков вид на работење станува збор.

Разгледувајќи го предлог решението на законот, а пред тоа мислам дека причините кои што доведуваат до ова решение формално- правно да Владата се јави како арбитар во обесштетувањето на граѓаните со најдобра намера да добар дел се и обесштетат. Се разбира идеалност нема кога станува збор за стечајна постапка. причините ги систематизирам во три работи.

Прво, нерационално и криминално однесување на сопствениците, односно раководителите на штедилниците со значително отстапување од банкарските принципи на работењето.

Второ, вмешаност т.е поврзаност на личности од институции кои по регулатива и по позиција се тесно и непосредно сврзани со регуларното работење на штедилниците и на овие финансиски организации и кои по позиција и по можност многу порано можеле да увидат и да реагираат на таквото работење. иако ако оправдување и за нив постојат и објективни

причини да тоа не можат да го прават поради официјалноста на податоците согласно законската регулатива која што и се нуди на Народната банка на РМ.

трето, категорија на штедачи и категорија на корисници на финансиски средства кои од штедилниците имаат користено кредити. Таква категорија на штедачи и корисници кои заедно со сопствениците на штедилниците ги поврзуваат две работи. прво лесна и брз заработувачка на товар на поголемиот број штедачи , граѓани. И второ да може тоа да се прави временски неограничено. Имајќи ја во предвид висината на влогот и користената сума на одредена категорија на граѓани , кога велам сума мислам на поголемите износи, и имајќи го во предвид нивниот интелектуален капацитет да го предвидат исходот на работењето од ваквиот начин на работење на штедилниците, мислам дека и денес се посега самите , или преку некои други на мерки на притисок на волонтеристичко решавање на проблемите од овој тип преку државна интервенција на дистрибуција на пари без материјална подлога, или пак преку неформално но и фактичко на сцена понудување на решение или излез од случајот кои објективно не носат ништо како решение само по себе, ниту дефинирано во каква постапка би се чинело тоа, туку ја забавуваат и самата постапка која воопшто не оди во прилог ниту на штедачите , ниту на државата воопшто. Затоа во интерес на штедачите и во интерес на почитувањето на законската регулатива за работењето на банките и штедилниците, во интерес и заради обезбедување на социјална сигурност кај одделна категорија на штедачи која не е мала во овие штедилници со цел да се обезбедат средства како предвремена исплата во конечното дефинирање на стечајната маса треба да дадеме целосна поддршка на решението кое го нуди Министерството за финансии и Владата на Република Македонија. не ми

е работа да сугерирам.  меѓутоа колегите од Битола најмногу ќе помогнат ако гласаат за овој закон. За другото, за виновниците да ги оставиме надлежните институции да си ја тераат својата работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за обедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на л од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови.

Колку пратеници се присутни во салата.

Да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Предлагам пауза до 16,00 часот.

VII/1 НН/ЛБ

(седницата продолжи со работа во 16, 20 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да продолжиме со работата..

Го повторувам Предлогот на заклучокот: "Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови.

Кој е за молам да крене рака? (52 пратеници)

Дали има некој против? (5 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање ? (6 пратеника)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (53 пратеници)

Дали има некој против? (5 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеници)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, г-дине министре,

Овој закон го донесуваме на иста седница во двете фази. Не случајно не дискутирав во првата фаза, мојот став го кажав со гласањето сметајќи дека има потреба од донесување на закон со кој ќе се обезбедат средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови.

Ќе ми дозволите во пет минути дискусија да дадам едно кратко предојае или нешто што мислам дека и во првата фаза и од законот кој го разгледувавме денес напладне и пред пладне заборавивме да кажеме една клучна работа, која мислам дека заслужува и во оваа фаза, иако е општо позната да се потенцира.

Прво, во некои минати години, во една далечна земја, во еден петок се случиле некои настани заради кои тој петок денеска цел свет го зборува како црн петок. Очигледно таков црн петок ќе ја зафати можеби и Македонија дека можеби не во еден ден, затоа што немаме институции во кои може така да се случат работите набрзина, на берзи или на пазар на капитал, финансиски пазари, меѓутоа кај нас во еден период од неколку месеци се случија неколку црни месеци, така да кажам. Јас сум убеден длабоко дека проблемите за кои денес расправаме можат да се решаваат исклучиво по пат на систем утврден во Законите на РН. Односно сите влогови, позајмици, кредити, акции, удели, едноставно се има начин како од нив се профитира, се губи и како судски во постапка на стечај, во постапка на санација се решаваат проблемите. Меѓутоа ние за некои од тие видови на проблеми денеска имаме посебен закон, со кој иако формално сакаме да обезбедиме да останеме во рамките на постојното законодавство. Ние сепак сме свесни дека кредитирањето за привремена исплата со тек на време ќе се претвори во некаков неповратен пренос на средства од Буџетот кон дел од граѓаните во РМ кои изгубија дел од своите побарувања во разни профитни организации од било каков вид. Зошто го давам ова мое видување на проблемот. За да укажам дека ние нема потреба да носиме посебни закони и дека овие случаи се во рамки на законодавството решени, за што зборуваше и колегата од Кавадарци. Меѓутоа, очигледно дека овој проблем во нашата држава прво прерасна од финансиски во социјален, а едновремено со таа, или по дефиниција, меѓутоа и под влијание на политички фактори од

социјален се претвори во политички проблем во нашата држава. Не зборувам само за една од штедилниците, туку за група од вакви настани. Тоа го доведе Собранието во позиција да мора да решава социјални па и на некој начин и политички проблеми со овој закон а помалку и економски проблеми кои можеа да се решаваат така како што ќе се решат во рамки на постојните институции и постојното законодавство. Зошто го говорам ова?

Го говорам затоа што мислам дека во Законот има вградено една непринципиелност. Кога веќе Собранието утврди дека дел од граѓаните треба да се кредитираат со предвремена исплата со дел од своите побарувања кои ги имаат изгубено по основ на влогови, заеми во штедилници и ако веќе Собранието се определи да го решава, ако се прифати мојата логика на следење на настаните, овој социјален и политички проблем во нашата држава Македонија, тогаш би било добро тој случај да го разгледуваме пошироко отколку што го опфаќа законот, Можеби дел од пратениците кои говориме имаме предност да не бидеме емотивни, за разлика од првите неколку говорници особено од оние кои доаѓаат од Битола, кои нормално се, така да се изразам бомбардирани, со предлози, со притисоци за решавање на овој проблем од своите гласачи,кои се погодени во делот за кој разговараме, меѓутоа треба да се прифати и логиката иако овој проблем со својата социјална и политичка димензија стана државен проблем, а не регионален и тука се согласувам со г-динот Стојановски, треба да се прифати разликата на гледање на еден дел од пратениците дека со овој закон ќе се изврши, сепак на крајот, иако под форма на кредитирање за предвремена исплата ќе се изврши трансфер на средства од даночните обврзници . Од државава кон дел од даночните обврзници, или во овој случај оние кои ќе бенифицираат од ваквиот закон во еден дел од државата. По Уставот на

РМ сите граѓани и ние сите ги претставуваме секој поединечно сите граѓани на нашата држава. не само своите бирачи, меѓутоа ќе се согласите дека праксата не само кај нас , туку и во светот претежно е на заштита на интересите на оние кои непосредно не избрале, директно не избрале на изборите. Ние во еден дел и сме должни да ги презентираме нивните интереси во рамки на програмата за која сме се кандидидирале. Оттука сметам дека законот може, ако веќе се следи логиката дека пред се решава социјални и политички проблеми на дел од граѓани: кои ако ги решаваат своите проблеми во кои влегле и настанале во институциите на системот очигледно нема да ги решат со ваквите извештаи кои ги добиваме за ситуацијата во овие штедилници,. Тогаш се наметнува прашањето зошто овој сплет на настани да не се применува и кон некои други граѓани кои не штеделе во штедилници, туку давале заеми а се исто погодени и спаѓаат во истиот корпус на социјално погодени граѓани кои предизвикуваат исто така политички последици во државава пред се во некои претпријатија општо познати, некој спомна г-динот Томислав Стојановски ,ги наброи претпријатијата кои се исто така погоден и сметам дека е добро Парламентот во рамките на решаваше на социјалните и политичките проблеми на граѓаните кои условно кажано, погрешно инвестирале со своите штедни влогови во одредени штедилници да го разгледа прашањето и за оние граѓани кои погрешно давале заеми на одредени претпријатија. Поголем дел од граѓаните кои по овој основ се погодени се од изборните единци и од градот кој јас сум избран за пратеник и се чувствувам повикан и должен да застанам во нивна одбрана и да не дозволиме по патот на даночно прелевање на средства од даночните обврзници само кон еден вид на граѓани дури да влеземе во апсурдна ситуација оние кои што ги изгубиле своите заеми , не штедните влогови, меѓутоа од аспект на граѓаните се сведува веројатно на исто,иако ние правиме многу децидна разлика што е заем, што е штеден влог, не само што нема да можеме со Закон и нив

социјално и политички да ги задоволиме туку ќе мора малку и од нивните даночни зафаќања кои ние преку законите ги оствaруваме да зафатиме уште повеќе за да прелееме средства само кон еден дел од граѓаните.

Се надевам дека ваквите размислувања имаат легитимитет исто толку, или минимум толку колку што имаат легитимитет барањата на оние пратеници кои со ваквите закони ги штитат само оние граѓани дел од граѓаните кои погрешно инвестирале а сега ќе бидат бенефицирани за разлика од оние кои погрешно инвестирале , меѓутоа досега не гледам дека со овој закон ќе бидат бенефицирани. Затоа има и многу амандмани поднесено во таа насока, има и многу дописи до нас од средствата за информирање дознавме дека имаше многу средби со врвни државници во насока држава и со г-динот министер Таки Фити и дел на претставниците на овие претпријатија бараат да имаат нека- ков рамноправен или ако не рамноправен тогаш сличен статус со овие што ќе бидат барем делумно обесштетени. Така да повикувам да се има разбирање дека овој проблем може да се решава и за претпријатијата кои земале заеми од граѓаните исто како што и за штедилниците во кои биле вложувани штедни влогови на граѓаните.

На крајот сакам истово да го поткрепан уште со еден, ако не аргумент, тогаш секако факт. Ние за жал од Народната банка извештајот го добивме денес и јас не верувам дека некој од нас можеше освен да го пролиста, студиозно да го проучи, меѓутоа имавме прилика пред околу пет шест недели во една емисија од МРТВ -2 програма " без наслов но со повод" да го чуеме функционерот на Народна банка на РМ г-динот Газменд Кадриу во својство на директор на Дирекцијата за супервизија чие излагање во тој момент мислам дека е еден од клучните аргументи и мислам дека Собранието не е лошо неговите излагања во таа емисија, која траеше околу 60-тина минути да ги земе предвид при донесувањето

на Законот кој може технички и стенографски да се симнат и да се поделат, кој изнесе многу интересни констатации, кои за жал формално никогаш не ги добивме напишани од предлагач на законот, од Народна банка , или од други меѓутоа тој настапуваше во својство на директор тогаш и кажа многу децидно и прецизно како се собрани средствата, конкретно во ТАТ, каде се прелеани. Дури тој и регионално насочуваше каде се прелеани средствата,,посочуваше дека дел од тие средства се задржани таму каде што се задржани, јас не би сакал да го репродуцирам неговото излагање, тоа ќе остане во РМ и ќе постои веројатно во документацијата, не знам дали е деловнички можно меѓутоа мислам дека треба тие аргументи и согледувања да се земат предвид кои многу децидно укажа на фактот дека е тоа е една класична пирамидална штедилница во која сите бенифицирале се до одреден момент додека во основата настанал настанот на пирамидалната штедилница и дека од сега натаму покрај проблемите на оние кои се во основата ќе се решат по пат на законот, ова јас го извлекувам како заклучок, и проблемите на оние кои дебело профитирале во времето на создавањето на пирамидалната шема на штедилницата кон врвот на пирамидата, условно кажано. Овој закон не врши таква дестинација и ние влегуваме во една опасност бенифицираните да ги добенифицираме, со овој закон, не селективно. Мислам дека во законот има можност во рамките на средствата кои Владата и Народната банка се спремни да ги одвојат за овој закон во вид на кредитирање еден дел да се прелеат и према оние граѓани кои свои заеми во претпријатија од Скопје давале и кои , исто така гледаме денеска дека не се на дневен ред, а кои можат да станат, за кои се превземени дејствија за кои и соодветните државни органи веќе покренаа постапка за екстрадиции, за одредување на притвори, работа на комплетирање на соодветниот обвинителен акт за излез пред соодветните државни органи. Тој случај

со таквите претпријатија јасно е дека не ќе може да се заврши без соодветна помош на државата, како што е случајот и со штедилниците. Јас од тој аспект апелирам до Собранието овие мои согледувања да ги земе како аргумент за да може амандманската расправа или согледувањето за слично решавање на проблемите да се пренесе и на дел на овие граѓани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам да не бидам погрешно сватен затоа што сум воздржан. Поентата на моето излагање беше во интерес на штедачите. Да се откријат виновниците, да се открие каде е најголемиот дел од парите што ги нема за да можат тие штедачи да бидат целосно обесштетени. Вака ние ги обесштетуваме само парцијално.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван минстре,

Со оглед дека поминавме веќе на материјална расправа на законот јас ќе се обидам да дадам една ретроспектива околу еволуцијата на решавањето на проблемот на ТАТ, со оглед на тоа што веројатно од самата седница на Собранието ќе произлезат одредени заклучоци кои ќе бидат обврска како на ова Собрание така и за Владата

Јас не би сакал да реплицирам -на дискусијата што коле- гата Никола Поповски ја водеше меѓутоа, точно е и ќе се согласам дека проблемот е и финансиски и социјален и политички. Како одминува времето добива во динамика на социјален проблем и политички проблем иако примарно е финансиски проблем со оглед на тоа што кога станува збор посебно за штедилницата ТАТ а веројатно и за другите штедилници иако во помал обем големината или бројот на штедачите и социјалната структура на тие штедачи во најголем дел придонесува навистина овој проблем да стане и политички.

Можеби ние како Собрание пропуштивме еден подолг временски период што дозволивме овој проблем од социјален да прерасне во политички, затоа што од тие мноштва на одбори и здруженија кои се јавија во Битола околу разрешувањето на овој проблем очигледно дека од финансиски преку социјален проблемот станува и политички затоа што очигледна е инволвираноста на одредени политички партии посебно опозицијата во разрешувањето на проблемот на ТАТ, затоа што секако опозицијата е во таква функција и позиција да може да ги користи сите слабости на позицијата односно сите проблеми со кои се среќава државата, а навистина проблемот на штедилницата ТАТ е таков.

Мислам дека најсериозно треба, тоа се однесува за сите пратенички групи во Собранието да посветиме внимание на овој проблем и навистина да изнајдеме решение за, колку толку правично на- докнадување на она што значи загуба од префирањето на штедилницата ТАТ.

Една од тезите кои колегата Поповски ја разви е дека навистина логиката на пратениците е двоинствена. Ние навистина сме пратеници на целокупната изборна популација и на народот на РМ, иако сме пратеници од поодделни изборни единици и дека трансферот на средства од одредени даночни обврзници кон други даночни обврзници е логика која треба на некој начин да не запраша и да си го поставиме прашањето со која логика, посебно во услови на пазарна економија, и посебно во услови кога какви- такви правила на постоење и на банките и на штедилниците постојат е оправдано. Или етнички да речам, да се надокнадува загубата кај одредени даночни обврзници од приходите на други даночни обврзници. Меѓутоа, без оглед на тоа што ние ги правиме првите чекори, од оваа говорница беа изнесени примери за вакви случувања во земји кои имаат далеку подолга традиција на развивање

VII/9

на пазарната економија и на законитостите во пазарната економија и нормално во зависност од тоа во колкав обем колкава популација била зафатена со такви крахови на одредени штедилници. Секоја држава применувала нееекономски, или мерки надвор од економската логика. Или, да речам со политички средства, со одредени средства буџетски, или н знам какви го разрешувала проблем затоа што навистина тој проблем од социјален ескалира во политички и нормално ниедна влада не сака социјалните тензии да прераснат во политички проблеми во државата. Има некои примери од САД а воедно емисијата на МТВ беа изнесени бројни примери како тоа бројни држави кои навистина пазарно работат и развиваат една таква пазарна економија или пазарно стопанисување приоѓаат кон разрешување на тој проблем.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ**:(продолжение)

Па бев изнесувани проблеми од Холандија, од Израел, од Аргентина, од Бразил итн, земји кои навистина можат многу повеќе да се пофалат од нас во воспоставувањето на тие правила на игра каде што навистина субјектот било да е граѓанинот или стопанскиот субјект си го носи ризикот од своето делување, односно работење.

Тргнувајќи од ова дека такви бројни примери имаме во светот каде што поинаку со политички средства се разрешуваат овие проблеми, не би било на одмет и ние тука да го поставиме тоа прашање, затоа што на почетокот реков овде не е проблемот во тоа што Македонија –Реклам и не знам кои се фирми спомнати во дискусиите треба да знаеме едно, во политиката постои едно правило дека секогаш квантитетот раѓа и квалитет, односно згуснувањето на проблемот, нормално раѓа и соодветни мерки за разрешување на дадениот проблем. Не е сеедно стотина и двеста, иако да речам апсолутна правда во општеството нема, не е сеедно стотина и двеста, да речам штедачи во една фирма и 10 илјади, односно 11 илјади што се во овие три штедилници кои навистина претставува една огромна маса, за Битола посебно, бидејќи се работи за 9 илјади штедачи со 20-тина илјади штедни партии и навистина тој проблем во Битола многу подрастично или најдрастично се чувствува и нормално како што велат старите секоја планина своја тежина, затоа можеби и битолските пратеници и така некои поемотивно, некои порационално дискутираа на оваа седница, меѓутоа, навистина проблемот е тежок. Не би сакал сега да ги повторувам дискусиите и на Тантаров и на Стефановски, навистина тој проблем е сериозен и така треба да му приjдеме во неговото разрешување.

Во оваа еволуција на разрешување на проблемот на штедилницата "ТАТ", односно "Алфа С" и "Лавци" е една еволуција во тоа разрешување. Од она што беше закон кој го понуди Владата за обесштетување во форма на кредитирање на дел на штедачите и тоа таканаречените 3 илјади марки, а со девалвацијата сега се работи за еден помал износ до еволуција каде што настана еден договор меѓу Владата, да речам во кој учествувавме и ние пратениците и штедачките асоцијации во Битола и од другите две штедилници тој проблем да се реши со откуп на активата на штедилниците заради како што беше речено искуствата од стечајните постапки или од стечаите во РМ каде што навистина доаѓаше до драстично обезвреднување на капиталот и невозможност во едни вакви услови како што претставува алиментирање на штедните влогови на граѓаните, а тие се алиментираат од страна на таа стечајна маса.

Сега да речам дека проблемот е психолошки многу повеќе отколку материјален, затоа што сметам дека проблемот сега кој се јавува на релација Влада -штедачки асоцијации е повеќе психолошки затоа што постои една недоверба кај штедачките асоцијации дека проблемот нема така лесно да се реши односно, би дошло до пролонгирање ако евентуално тоа пролонгирање не оди во пакет.

Имено, ние со овие амандмани кои сега ги предлагаме од името на пратениците на СДСМ од Битола сакаме тој психолошки момент или таа меѓусебна недоверба од една страна на Владата према резултатите на вештачењето, односно супербзештачењето на Народна банка или Заводот, бидејќи показателите или бројките се навистина различни и Заводот за судско вештачење и од друга страна, таа, да речам,недоверба на штедачите према можноста тој проблем до крај да се разреши, ние нудиме една средна варијанта и мислам дека е

најрационално таа варијанта да се прифати да преку амандмани во овој закон се внесе и обврската со активата да располага Владата на РМ на овие штедилници, откако ќе заврши стечајната постапка во штедилницата "ТАТ" бидејќи во овие две други штедилници "Алфа С" и "Лавци" тоа е веќе направено. Советот на доверители тоа веќе го има понудено на Владата , а овде бидејќи во штедилницата "ТАТ" се доцни поради спорноста на судското разрешување , не е поставен стечаен управник, не е поставен стечаен судија, тој проблем малку ќе пролонгира поради годишните одмори во основниот суд во Битола, сметаме дека со вградување на ваква обврска за износите да не зборуваме, можеби амандманот најстручно не е доразработен, меѓутоа, сметаме дека ако се сака може да се најде едно решение каде што навистина со едни стручни корекции на овие амандмани ќе се овозможи оваа обврска која ја зема и Владата на РМ да се вгради во законско решение, разрешувањето да започне после воведувањето на стечајната постапка во штедилницата "ТАТ" односно некаде во септември, односно почетокот на октомври, а дотогаш да оди оваа исплата на тие 6 рати по 500 ДЕМ, кои реков со девалвацијата се нешто помали.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денес нашата Пратеничка група не кажа за овој закон, меѓутоа, токму од овие последни дискусии сакам да кажам дека нашиот став по ова прашање малку се разликува и мислам дека треба да го дефинираме и ние гласавме за заклучокот и ќе гласаме и за законот, меѓутоа, ние мислиме дека повеќето од пратеничката група дека не ќе гласаме за таков сличен закон каков што се најавува во иднина дека ќе имаме уште такви закони, ќе имаме уште такви проблеми. Ние го сфаќаме овој проблем како проблем

на времето на транзицијата која најде и особено ги разбираме луѓето до 3 илјади марки и малите штедачи, социјалните штедачи, што штедат од зорт мака и слично, меѓутоа, ние мора да добиеме лекција од оваа работа и не можеме да зборуваме за некои земји кои ги санираат тие работи , тие веројатно ги санираат на почетокот кога наидува ова време, меѓутоа, натаму се добива лекција и натаму треба секој граѓанин и треба да ги опоменеме граѓаните на РМ дека секој граѓанин треба да се однесува пазарно и секој кој мисли да вложува дали во бизнис или во штедилница, дали во банка треба да мисли со своја глава и од ризикот или се губи или се добива. Треба навистина да процени дали ќе добие или ќе изгуби. Не може државата за сите наши поединечни глупости да гарантира и да ги санира.

Мислам дека нашата пратеничка група, барем повеќето што се консултиравме, нема да гласа никогаш за таков сличен закон, туку треба да се однесуваме рационално и во духот на времето. Пазарната економија не признава наши лоши одлуки со нашите пари. Ние мора свесно да се однесуваме. Има луѓе ако ние имаме 5 илјади марки, ако ние не знаеме каде да ги дадеме, да дадеме на некого 50 марки па да ни даде добар совет и таму да ги вложиме. Ние градиме институции за мали штедни влогови и гарантираме до 10 илја ди марки во една штедилница, во друга штедилница, во треба, така да скоро можат 30 илјади или колку се гарантирани, ако е паметен да ги раздвои во неколку штедилници. И мислам дека треба навистина ова да ни биде лекција и да не ни се повтори ние да санираме такви да не речам глупости и мислам дека тоа нема кај нашата пратеничка група да се повтори да гласаме за таков закон.

Благодарам.

VIII/5.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Без разлика какво е расположението јас лично сакам да си го кажам своето мислење. Мислам дека многу е нечесно, многу чесните да ги доведувате во ситуација да гласаат за одреден закон каде имало нечесност. И, тука лично сум убеден, длабоко дека имало голема нечесност и во штедилницата "ТАТ" и во другите штедилници, луѓето сакале својот екстремен егоизам да го доведат во позиција во лична корист на грбот на другите. Многу ми е непријатно, да ви кажам искрено, кога не доведува Владата , па и овде мене како пратеник да гласам за нешто за што не сум многу убеден, и што не е во мое својство и како личност и како граѓанин и во таа смисла жалам што еве така ние сега се малтретираме самите себе тука и покрај тоа што не сме длабоко убедени дека сме честни во нашето гласање. Зборувам за себе.

Мислам дека субјективните слабости сега ги преточуваме во овој закон. Јас веќе втор мандат сум овде пратеник и кога зборуваме за некоја сентименталност, Бранимир дискутираше тука, дека дискутираше за сериозност итн., знаете колку треба да бидеме сега сериозни, сентиментални, социјални, не знам солидарни итн., меѓутоа, ние пред неколку години дискутиравме за еден сериозен закон за луѓето кои што ги изгубија исто своите девизи, замрзнати девизи така ги измисливме, па носевме еден закон во кој не беа 10 илјади штедачи туку беа 600 илјади штедни влогови. Тоа е огромна бројка сигурно м-р Арсовски ќе ме исправи, меѓутоа се работи за еден огромен број на граѓани кои се доведени во една многу неповолна ситуација и тогаш носевме еден социјален закон, па таму зборувавме дека 100 ДЕМ, па ќе одите преку центарот за Социјална работа, па ќе приберете 150 документи за да докажете дека сте социјален случај за 100 ДЕМ: Една девалвација на личност.

VIII/6.-

И сега обратно дискутираме за штедачите кои сакале да печалат со 15% камата, невидена камата и една екстремна група која сакала на конто на тие да печали уште многу повеќе и сега ме доведувате во позиција јас како пратеник дали сум сериозен или сум несериозен. Јас мислам дека е глупаво така да се однесуваме заради тоа што јас го сфаќам овој сериозен закон, но имавме несериозни постапки во целокупната постапка во "ТАТ". Битола знаеше навреме од 1993 година што значеше "ТАТ" . Сето тоа беше општопознато и овие други штедилници, меѓутоа, немојте сентиментално, сентименталноста солидарноста да не доведе во ситуација дека сме ние како пратеници несериозни ако не гласаме за овој закон и ако не ги разбереме луѓето. Јас потполно ги разбирам луѓето кој наседнале на една ваква позиција, меѓутоа, не ги жалам оние кои печалеле по 1 милион марки, 500 илјади марки, 200 илјади марки, јас кога ми се вртат тие марки велам што е ова бре, какви пари се тоа, мајка му стара, а сега дали да гласам за закон кој е навистина социјален, пак социјален викаме дека му определуваме на човекот да има едно 3 илјади марки годишно за да може да егзистира пак со своите пари. Меѓутоа, лично морам да кажам, искрено пред моите бирачи и пред оние штедачи кои ги имаат замрзнато девизите и кои пак ги ограбивме заради тоа што ги земавме за 50% попуст во разни деловни простории, па допуштивме, ги излажавме таму, еве вие ќе дадете 100 илјади марки за деловен простор, ама 50 илјади марки ви ги сметаме вкупно. Зашто? Заради тоа , тоа и тоа.

Мислам дека некоректно е докрај некој доволно да се збогати и јас како Бранко пратеник треба да бидам сериозен во гласањето.

Лично сметам кога ја гледам содржината на законот, мислам дека ептен е принцип на солидарност. Два милиони граѓани треба да издвојуваат средства од Буџетот на име на данок за да ги покријат трошоците на тие луѓе кои ете така се ограбени, викаме ограбени или сега тука тој поим мене не ми е многу јасен, меѓутоа да ги покриеме нивните потреби во "ТАТ".

Јас да ви кажам лично сметам по нашиот егоизам сме научиле да се богатиме на база на другите, јас тврдам дека во наредните избори пак ќе имаме ваков закон, можеби многу брзо ќе имаме таков закон за да пак покриеме некоја позиција во која има големи магли и мислам дека коректно не сме до крај јасни и чисти и пред народот и пред сите.

Инаку, како содржина на законот го прифаќам ете така од социјален аспект, бидејќи исклучиво работам во областа во која ги решаваме проблемите од социјален карактер. За жал гледате дека меѓу сувото гори и суровото.

Благодарам.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Кога мислев на сериозноста не мислев на вашата определба како ќе гласате, дали позитивно , со да, со не, или воздржан. Мислев на сериозноста затоа што во салата кога се дискутира постои еден општ жагор, една летаргија или незаинтересираност на еден дел на пратеници и мислев затоа со цела сериозност ние како пратеници треба да му придјеме на прашањето. А определбата ваша како ќе гласате тоа е друго.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро не беше реплика.

Има збор г-дин Стојан Андов.

VIII/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, сега во општиот претрес што поблиску сме до донесување на законот, се чини дека по малку ни проговара и совеста, да видиме пред која вистинска задача сме исправени и што навистина сега ако дигнеме рака "за" на пример ќе создадеме, што ќе почне како практика, што ќе биде преседан, што ќе значи нашата одлука, што ќе пропуштиме гласајќи за еден ваков проект и нормално е што луѓето си поставуваат прашања ќе се вратат ако сме сите ние одговорни пред сите граѓани, ама секој ќе се врати таму каде што живее, па ќе треба да се сретне со луѓето и да почне да им објаснува како се произнел и зошто така се произнел.

Како што видовте ние не сме за донесување на овој закон. Ние не сме за донесување на овој закон заради тоа што ако денес го донесеме овој закон ќе останат многу дилеми, многу неразјаснети прашања. Ние не сме убедени дека штедачите кога штеделе мислеле дека инвестираат. Во РМ од 1993 година наваму може да се инвестира да се купи деловен простор и да се инвестира да се оснива претпријатие да се обезбеди некоја добра трговска зделка. Како што знаете од тогаш до сега немаме инвестиции во производството, инвестиции кои давале биле каква можност. Луѓето кои ги врзувале своите пари за штедење тие не мислеле дека инвестираат, туку мислеле нешто да добијат ако може и не ни расудувале, бидејќи во РМ не е создадена атмосфера да се мисли дека низ инвестирање се добива. Ако може нешто да добијат така бидејќи се ветува. Се ветува од да речеме, Македонија-Реклам, па се ветува од Алфа С, се ветува од Лавци, од Ламброс, се ветува од ТАТ. Иако тие луѓе само ветувале, се разбира нема овие што имале пари да потрошат и да им ги дадат. Но, нашите врвни институции, нашата власт, тие што

ветувале ги почитуваше ги ковеше во ѕвезди, им даваше секакви признанија. Како што знаете меѓу нив се најдобрите стопанственици, тие добиле признанија за тоа дека се најдобри стопанственици. Потоа во секоја година еден од нив бил. (реакција на некој пратеник од место).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место ве молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е смешно, навистина. Тоа е факт на што граѓаните се мамени и како се мамени и какво е учеството на власта во преварите, измамите на граѓаните. Тие се , се разбира, прогласувани за најдобри стопанственици, потоа тие биле предмет на јавен публицитет од медиите кои се под контрола на државата. Тие биле спонзори и добротвори на културни манифестации, на културни институции, на спортски друштва, на спортските достигања итн. Со нив се сликале врвните раководители, ги поддржувале, па тоа како реклама на нивните фирми се давало со недели во средините на телевизиите каде што тие биле. Според тоа не се работи за алчноста на луѓето и штедачите во Битола и воопшто не мислам дека случајно е во Битола инсталиран ТАТ, мислам ТАТ е во Битола заради тоа што луѓето од таму добиваат пари од странство, имаат свои луѓе надвор и имаат уште недопљачкани пари.

IX/1.- ПЈ/ЉР

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

И затоа е таму така, да ги собере. Според тоа, мислам дека е не фер да зборуваме за тие што штеделе и што дошле до пари и од алчност го дале таму. Точно е тоа дека тие виделе, наседнале и ако треба некого да казнуваме кога ќе наседне на трикот на власта треба да ги казниме. Меѓутоа, како ние инаку, пак, ќе ги убедиме луѓето да нив веруваат како власт? Ако е власта склона да ги мами, да ги измамува, да и наведува на погрешни одлуки со сопствените пари а потоа да и вели во очи, погрешно инвестиравте. Се шегувавме ние кога ги фалевме тие, кога тие беа наши кандидати на владеачката партија и сеуште се таму. Видете, ако ја водиме овде дебатата во ова наше Собрание по вакво прашање така како да или сите ние сме виновни, бидејќи два милиона луѓе, ете не сме рекле заедно да се укине ТАТ, или пак дека марсовци тоа ни го сториле, а не некои овде ние нема да направиме чекор напред, нас само ќе ни се менуваат формите на мамење. Во една друга држава како што знаите имаше заем за препорот на таа земја. Ги измамија убаво луѓето, им ги зедоа парите, земјата не се препороди итн. Па имаше еден голем банкар исто така близок до власта, ги собра парите, си отиде не знам каде, гоамити го бркаа тие сега, така си играат и таму си е некаде со парите. Си ги поделија, најверојатно. Потоа една друга госпоѓа исто така, блиска до власта ги собра парите што им останале на луѓето, меѓутоа на тој начин ако една власт сака што подолго време да го прави луд сопствениот народ и своите граѓани, таа власт не само што нема перспективи, туку таа држава нема перспективи. Затоа, мислам дека е многу важно и голема политичка одлука ќе биде ако овој Парламент ја

напушти тезата дека граѓаните заради алчност сами се виновни што ТАТ постоел, опстојал, така работел и така заврши. Граѓаните, јас еднаш овде реков, имале доверба во власта. Тие не можеле за да мислат дека имаат влада која не ги следи состојбите во ТАТ, па наместо 14,5 милиони марки данок од добивка, од камати итн., персонален и не знам каков, да наплати, наплатила само 4,5 милиони марки. Дека не ги следи состојбите во штедилниците, ниту пак мислела дека има една цела институција Народна банка која така, од кога се ќе се заглави па ќе прати супервизија да види, а дотогаш као да си играле што таму има, што останува и да почне да открива вакви или такви работи. ТАТ треба да го поместиме и другите штедилници бидејќи не се заради лошиот карактер на граѓаните, заради нивната алчност. Тоа се случаи каде штос е врши организиран грабеж, измама и грабеж. Ако се сеќавате целата оваа проблематика овде на дневен ред дојде по барање информација која ние ја бараме за организираниот грабеж и измама и грабеж на граѓаните под вид на штедење. И Собранието така ја прифати Информацијата сите прифативте дека е тоа случајот, таков е случајот, тоа се состојбите. Затоа, мислам дека овој закон сега доаѓа во едно невреме кога истражувања околу ТАТ и околу штедилниците не се довршени. Кога имаме судско вештачење, но судските процеси уште не се почнати, да докажат, колку е тоа точно и ако е. Она што загрижува тоа е во сите судски документи и на другите органи никаде не стои дека, во стручните органи велам државни дека овде има случаи на грабеж. Сите обвинувања кои се покренати се за несовесно работење, за злоупотреба на службена должност за работи кои се од индивидуален карактер, за работи кои не упатуваат на грабеж, бидејќи грабежот е секогаш организиран и би вовлекол институции и луѓе надвор од овие кои сега се зафатени со постапките.

Затоа мислам дека се брза со овој закон за да се заврши така, да заврши дека ете луѓето биле алчни, се превариле, се измамиле, ние сега ете, бидејќи сме добри овде во Парламентот и овие на власт па ќе им дадеме по 500 марки шест месеци и тие ќе преживеат, тоа е наша социјална помош и социјално разбирање, а нивна е грешката и понатаму тие да не грешат. Јас, се разбира знам, ако ние градиме навистина пазарно стопанство, потребно е пазарно однесување. Меѓутоа во тоа пазарно однесување морам да и кажам, политичката власт ја нема оваа позиција во економијата и на пазарот која ја има кај нас. Политичката власт е сега најмочниот фактор на пазарот. таа го обликува дневно како сака. Ако тоа не е така, тогаш во една голема економија во нормална економија ниедно собрание нека да се занимава со исправување нема некој пазарни недоследности. Меѓутоа, пазар ние уште немаме. доминира политичката власт, таа го формира, го обликува таа го деформира пазарот и оттаму значајот на политичките луѓе. Па, ако еден висок функционер се појави со еден стопанственик некаде јавно го пофали или не знам што, тој ќе ги добие сите признанија, сите дозволи сите погодности итн. Тоа е кај нас што е сега ние сме далеку до таа состојба. Убаво е да сме во таа состојба, па и граѓаните прво да ги осудуваме, но за да можеме ние граѓаните да ги воспитуваме како треба да биде нивното однесување во пазарно стопанство, прво мораме сами да се држиме така. Прво, ние сами овде мораме да покажеме дека сме такви. Меѓутоа, тоа не е случај. Затоа мислам дека овој закон сега така брзо обновен и донесен овде истиот се јавува со истовременото појавување на веста поднесените кривични пријави и отворањето на постапка на судење да кажеме на одреден број четворица или пет колку се таму во Битола. Па народот како што го измамивме да штеди во ТАТ

и му ги земавте парите како власт, сега треба да ни поверува дека еве ние закон дадовме, донесовме за да се смират работите и тие што се социјални случаи да добијат, нив ги решаваме, а од друга страна виновниците еве ќе ги судиме. И точка на ТАТ место да се извлече, затоа е тоа подударност, тоа е веќе режија на власта. Затоа, бидејќи имаме работа со власт која режира, која некој ќе го произведе во голем стопанственик па да може кај него сите да трчаат да штедат , па ќе го ресне од земја, од кога ќе ги земат сите пари таму. Потоа, кога треба да се надоканди нешто и да се заташка нешто, еве малку ќе донесеме закон на некого да му вратиме пари, а другите, бидејќи не смееме да ја отвориме работата, оти до нас ќе дојде , ајде поскоро и некои многу важен наш човек таму ќе го жртвуваме таму, ама нека се затвори се во Битола точка. Мислам дека станавме читливи како власт не читаат граѓаните и воопшто немојте да се надевате дека туку така ќе проаѓаат овие работи.

Затоа јас предлагам законот да го одложиме и да појдеме по една друга логика. Прво точно да ги утврдиме и активата и пасивата Потоа, да видиме која е таа разлика меѓу нив. Потоа, да видиме таа разлика каде отишла и кој ја земал и да идиме како од него ќе си ја вратиме. Ако тоа се претпријатија блиски до оваа или онаа партија тоа треба да се смета како влог во тие претпријатија. Ако е тоа некоја партија каде што дале за изборни цели да се поддржи кампања, имотот на таа партија треба да стане сопственост на ТАТ. Ако има разлика откога ќе ги изведеме сите сметки така, таа разлика заради тоа што граѓаните на Македонија си дозволиле во овој период да имаа слаба влада, неспособна администрација да ги надгледува состојбите, треба сите да поднесуваат

одредени последици и дали е тоа 20 милиони, ќе видиме, дали е 5 мил,и они или 7 милиони, тогаш навистина од Буџетот треба да се плати, но граѓаните нека добро размислат дали уште еднаш ќе бираат такви пратеници и таква влада. На овој начин инаку само се заташкува работата, се затоа, фрламе вина на граѓаните сосема непотребна и мислам дека тоа е начинот кој граѓаните веќе го сфатија и ние овде како пратеници до овде треба да ги погледаме луѓето во очи. Притоа мислам дека е навистина недоследно ако ги израмниме, им помогнеме само на дел од штедачтие т.е. на оние во Лавци, во Алфа С и во ТАТ. Мислам ако тогаш се одлучиме после една таква сметка, ако излезе дека, а ќе излезе дека треба да помогнеме и да носиме одговорност затоа што сме биле неспособни како Влада, како власт итн. треба од парите на граѓаните да се даде и на Македонија реклам, на Југо- маркет и на не знам кои штедачи кои исто така се изгорени по иста шема. На пазарот за пари итн. Затоа што шемата со која се среќаваме е од почеток иста. Прво, се јавуваат луѓе со доста матно минато. Еднаш казнувани, двапати казнувани, кои имаат досиеја и кои можеш да ги контролираш и да ги упатиш како ќе работат. А утре можат да ја носат вината, бидејќи секакви сомнителни од почеток. Потоа имаме брзи и неразјаснети регистрации без да се знае што се во тој момент дали се располага со сите документи, потребни документи. Потоа, имаме интервенции на штедачите кои веќе стануваат загрижени кај органите и органите си молчат. Си молчи и Министерството за финансии, си мочи НБ, си молчи Министерството за внатрешни работи. Потоа се обраќаат до врвните раководители па се прават средби и им се соли ум преку телевизија, оти кој толку бил умен, дали си ја чупкал главата да штеди и каде штеди и да ги дава парите итн. се до оној момент додека нашата пратеничка група тоа прашање не го постави овде во Парламентот и инсистираше овде да се расправа целата таа работа. И не покна ТАТ, не почнаа митинзи во

Битола итн. Тогаш се замислија од последиците за измамените и грабежите кои овде организирано течат.

Затоа, по мое мислење даги мои колеги, треба да не се донесе овој закон. Ние и затоа така гласаме. Да не се донесе овој закон, да се направи напор, да се фатат каде се парите, да им се вратат и обезбедат на тие што ги дале таму парите. Ако нешто, заради неспособност на државата и валчеста остане на тој начин и не може да се надоканди тогаш дури треба Владата да предложи овде закон за таа разлика со ена да одиме во решавање и да прифатиме сите дека ете сме имале несреќа во овој период не се надгледувало и тоа е последица на најлошото владеење и имале граѓаните доверба во тоа и за тоа граѓаните треба да платат.

Инаку, сега можеме да се најдеме во разни ситуации. Ние со оваа работа јас мислам дека ќе го обесхрабриме секое штедење Сега ние всушност откажувајќи се од основната определба дека овде станува збор за грабеж и тоа организиран грабеж, а тоа беше признато од оваа говорница и тоа организиран грабеж, дека станува за тоа збор тогаш немаме шанса ние да го затвориме ова досие. Едноставно ќе им претиш на оние од кога треба да земате, па да му давате на оние што им се земало и ќе кажеме дека овие што бараат тоа што им е одземено се алчни, невозможно е сонив да се работи итн. Затоа, јас пледирам овој закон да не го донесеме сега, нека се одложи нека се види што има во тој извештај на судската супервизија, судското вештачење каде ќе одат работите, оти навистина, сега не знам, дали некој овде воопшто спомна, знаете како станува сега, бидејќи влоговите се водат и побарувањата на граѓаните се водат во денари со 16% девалвација, нивната вредност опаѓа. Но, активата се води во марки. Бидејќи таа е под хипотеки, под таа

валутна клаузула заклучувана. Наеднаш сега и тука е направена една, да кажам варка оти хипотеките+ вредат колку вредат на пазарот но може да се прикаже сосема друг резултат од сето тоа што е досега истражувано и што се случувало.

И она што јас, навистина се плашам и она што се плашам што забошотувајќи ги сите овие работи се има една намера да се дочека уште една инфлација, уште една девалвација каде сосема ќе се обезвредни тој влог на граѓаните и сите овие нивни барања под тој датум да им се води на нив влогот како велат марката, тоа никој во Македонија веќе нема да го разбере, заради тоа што од промената сите ќе бидат погодени и сите ќе бараат и тие да бидат погодени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас немав намера да дискутирам почитувани дами и господа,

почитуван претседателе и мислев дека треба да ја завршиме оваа денеска со овој закон со оглед дека месец и кусур дена е во процедура со познатата негова историја и пред историја што беше. Ниту сум убеден и се согласувам со оние пратеници кои кажаа овде од оваа говорница дека овој закон нема да ги реши сите проблеми кои се отворени на некој начин со овие случувања околу штедилниците во Република Македонија и вкупните последици и реперкусии што се произлезени од тоа. Далеку од тоа. Всушност се работи за закон, по мое разбирање кој само се обидува дел од граѓаните во Република Македонија кои се нашле во тој вртлог да им бидат ублажени последиците не врз основа на економски или други законски, уставни критериуми или критериуми од обврзателен однос, туку лично сметам врз основа на ублажување на последиците во кои се најдени граѓаните во една нова социјална положба.

Инаку, судбината на овие субјекти за кои станува збор во овој закон и другите субјекти кои ги има бројни од други бранши од стопанските дејности во Република Македонија е, како што многу пати е кажано од оваа говорница и како што е општо познато, решено со друга нормативa во Република Македонија и кажано е оној кој не може да опстане на пазарот во државата со своето работење и да покаже резултати и да ги покрие трошоците, обврзаните давачки спрема државата и спрема другите субјекти притоа да ги исплати и да ги намири сите други обврски што се бараат и притоа да профитира се знае каква е неговата судбина на тој субјект, и потпаѓа под тие прописи.

Во случајот со овој закон веќе два субјекти"Алфа С" и "Лавци" се веќе под удар на тој закон,има правосилни решенија за отворање на

стечај постапката е во тек и третиот субјект кој го третира овој закон. Тоа е општо познато, она што е актива ќе се валоризира онолку колку што вреди на пазарот и ќе се довери и подмират доверителите во износи на проценти онолку колку што ќе стигне активата. Дали тоа ќе биде 10, 20, 70, 80, 100% не знам тоа треба да го покаже самата постапка таа што ќе трае и резултатите од таа постапка, ефектите низ процедурата која со законите е предвидена.

Овде и самиот закон кажува дека се работи само за една интервенција на овој законодавен дом на предлог на Владата со парични средства за кои се дефинирани изворите дека тоа се вишоците од Народната банка за годината за која е означен законот кои секоја година се наменуваат за вакви или онакви потреби во овој случај предлагачот оценил дека ова приоритетно прашање и дека дел од тие вишоци во ваков износ каков што се предлага треба да се насочи во тој правец дека дел од распределбата од Буџетот можеби со ребалансот ќе го напра- виме за една еднократна интервенција на граѓаните за да тој удар што е почувствуван се амортизира на некој начин.

Јас не верувам дека тоа ќе биде само од политичките потреби на партијата која е на власт, туку тоа е наша заедничка обврска на законодавниот дом, на нас кои сме претставници на граѓаните на Република Македонија како што рече некој овде согласно законот не само на граѓаните од нашите изборни единици, туку на сите граѓани од Република та барем така Уставот ја дефинира нашата положба и должни сме да го направиме ние како законодавен дом и дека не треба да бидеме на страна

Се покренуваше прашањето ако тоа го правиме принципиелно во овие случаи дека треба да го направиме во икс и ипсилон и други случаеви, оценка е на предлагачот,а мислам го делам истото мислење дека овие се приоритетни кои во овој момент со ваквиот закон тоа треба да го

направиме тоа токму за овие субјекти, за овие граѓани. Инаку, знаете кога се повикува за совеста од оваа говорница и овие три микрофони овде се трпат и секој од нас 120 овде и тие што сме присутни и тие денеска што се отсутни од вакви или онакви причини често се повикуваат на таа совест. Совеста е, барем по мене, лично прашање на секој од нас пратениците кое лежи длабоко во нас, ги насочува нашите активности, не прави да спиеме спокојни некогаш или да бидеме будни цела ноќ и да се запрашаме дали навистина таа совест стално била толку мирна кај секого и дали доволно сме направиле во секоја ситуација низ својот живот кога сме можеле да направиме или дали сме направиле токму така како што требало да направиме или сме отстапиле од некои човечки, морални или не знам какви други принципи.

Јас само да ве потсетам оваа држава Република Македонија што си ја има својата предисторија и колку што ние паметиме и како политичари и како граѓани доживуваа и други потреси низ својата историја. Останаа наши 50 илјади граѓани работници кои заработеното не го наплатија од Ирак, Иран, а имаше претставници на државата таму па сега нека си ја прашаат својата совест колку во таа ситуација совесно постапиле по тоа прашање и тие граѓани се денеска на социјалните бироа, голем дел се отпуштени од работа, кога е прашање за совеста. Кога е прашање на совеста на власта само до пред една година некој имаше и други во оваа власт беа на првата функција, ајде да издвојам еден пример ТАТ не е од вчера, ТАТ е од 1992-1993 година, па ајде да на паметиме многу station наназад, да паметиме поблиску, ајде да прашаме за таа совест знаете јас овие прашања немаше да ги потегнувам, туку треба да се ограничиме да кажеме дали можеме нешто конкретно да направиме за тие граѓани што јас мислам дека е сосема мал чекор ова денеска што се прави со законот и дека дефинитивно не ги затвора проблемите сите апсолутно и дека во подолг временски период ќе бидат отворени, ќе

бидат од аспект и на правната проблематика отворени и на економската, можеби ќе треба дополнително во истиот закон, сега не прејудицирам во која форма ќе го донесеме денеска или дали ќе се донесе, ако се донесе можеби ќе треба да се изменува,дополнува, да се проширува или можеби нов закон треба да донесеме овде или пропис со тек на време за да отстраниме некои поголеми последици или можности со тек на времето што ќе ни се пружа или што ни ќе ни се понудат.

Лично сметам дека ова што е понудено пред нас денеска нужно треба да го направиме притоа низ процедурата треба да се заложиме максимално ако можиме нешто да подобриме со разбирање на предлагачот кој овде внимателно слуша, слушал и други расправи, барања, го вртел проблемот од лево од десно и тн.

Инаку, знаете темата, тезите за луѓето со "матно минато" за шеми и режими на власта ние сме носеле овде некогаш закони поради процедурата, дискусијата се совпаѓала да биде ноќе во 24,00 часот, па некој ќе рече се фрлаше тезата, па како вие како бивши ЦК овде во 24,00 часот ноќе ги носите тие решенија. Па како се совпаднала режијата со подигање на обвиненијата се предложи законот. Велат дека е тоа режија. Сега знаете за да се закаже седницата има Деловник има рокови, ние оваа седница по ова прашање, да Ве потсетам ја одложив- ме по барање на дел од пратениците дека треба да се сочека извештајот од супер ревизијата. Тој стигнал пред две недели додека е доставен, додека е закажана седницата нормално е закажана врз основа на заклучокот. За да се подигнат обвиненија исто така одбраната бараше обвинетите, сопственичката да се направи исто така супер ревизија во нејзино присуство. Има рокови и за процедури во истрагата, решенија, жалби, 5 дена, 15 дена и замислете сето тоа да се вклопи и во ист ден да расправа Собранието навистина имаме славни режисери кои истовремено седат и во Владата, па ако се толку навистина вредни тие режисери можеби ќе ни изрежираат некоја подобра перспектива во

X/5.-

иднина. Јас не верувам во тоа ниту треба да се впуштаме во тоа, мислам дека тоа се кажани тези за политички потреби и дека дополнето со тезата за девалвација па да се обезвреднат побарувањата на штедачите, па за нова девалвација, па пак да се обезвреднат дури може да не доведе до апсурд дека еден ден оваа Влада ќе одлучи така да не исели нас како граѓани и сама да владее да нема никакви проблеми до максимум да го изрежира исходот и тогаш ќе си владее, што се вика без проблеми. Тоа се апсурдни тези кои навистина не држат вода и кои навистина граѓаните веќе ги читаат но ги читаат на начин како што пишува така читај.

Јас во оваа прилика во општата расправа по законот не за неговата потреба би апелирал само мислам дека ова што е предложено од предлагачот е максимално можно со тоа што има многу реален амандман поднесен од група пратеници за кој јас апелирам да се поддржи дури не амандманот 1, туку амандманот 2, амандманот 1 е навистина амандман кој оди на повластување на тие граѓани за разлика и од нас што сме овде ако ние донесовме мерка некни за Законот за замрзнување на платите и се согласивме со Владата во врска со девалвацијата на денарот за 16% тоа е посегање на сите во нашиот џеб ако биде посегање тоа ќе го покаже времето. Сега да почнеме како трговците што го прават тоа во продавниците веднаш да ги дигнеме цените и ние на начин со законот тоа да го премостуваме и таа вредност да ја задржиме по административен пат, дури тогаш ќе дојдат негативните реперкусии од мерките кои се преземени пред извесно време пред десетина дена. Лично сметам дека тој амандман не држи вода, но дека амандманот 2 е апсолутно на линијата на општата гаранција за сигурноста на имотот, активата кај овие три организации кои се во стечај со таа разлика што кај двете е отворен стечај, имаат такво побарување, а кај другата е во постапка и ако се отвори се условуваат со членот 7-в што се предлага овде.

X/6.-

Што всушност бара тој амандман? Бара додатна гаранција дека таа актива која не е дефинирана до крај има различни мислења, но е во некоја величина која ќе ја валоризира пазарот и во постапката за стечај и ликвидација, ќе се искаже нејзината вредност, се бара само додатна гаранција од државата заради познатата практика во стечајот навистина понекогаш практиката да покаже и законот за стечај кој е на сила дека се недоволна гаранција механизмите, дека реалната вредност на тој имот ќе издржи во стечајната постапка. Додатно не посега во ничиј џеб, тоа е имот на доверителите, значи додатно не бара никаква милостиња, никакви други потрошни средства само бара една поширока волја на предлагачот, на Владата на власта и на овој Парламент овде за гаранција за тој имот и за сигурноста на тие граѓани што нормално имаат изгубено.

Инаку, јас во целост се согласувам со барањата што беа истакнати на линијата дека најголемиот дел од средствата како што рече господинот Никола Поповски што ги дефинира Газменд Кадриу на телевизиската емисија дека во основа парите се прелеани од еден џеб во друг џеб, дека не се отидени на друго место и дека постојат механизми како обврска за нас и за предлагачот, тука немаме моментално решение. Ако сакаме, ако се согласуваме дека овде постоело незаконско работење во овие организации, а тоа е очигледно го утврдија сите надлежни служби од Народната банка преку своите механизми до надлежните органи за откривање и прогон зборот ќе си го кажат во постапка и судските органи, тогаш се поставува клучното прашање дека ние сме должни онолку колку што можеме да ја вратиме состојбата приближно во првобитна положба. Ако некој успеал во таа игра да го надмудри другиот што вели народната изрека "на еден да му се стемни за на друг да му се раздени", а тоа е целата филозофија во пирамидалното штедење како што јас го разбирам.

**НАЌЕ СТОЈАСНОВСКИ:** (продолжение)

На оние што навистина им е разденето сега и што молчат во некои агли, никаде ги нема, откако се отвори проблемот, за нив власта, подразбирам Владата, за нив власта, подразбирам овој Парламент пред се, мора да најдат решение да ја вратат состојбата во првична состојба. Првата лекција која ја имам учено на Правниот факултет, од сега покојниот професор д-р Иво Пухар, да му е лесна земјата, беше дека не секогаш правото и правдата се совпаѓаат. Јас немам илузии дека овој закон што го донесуваме или било кој друг закон постојано ќе ја совпаднат правдата и правдината како што била, затоа што правдата е сепак субјективно сфаќање на постојната реалност, кој како ги разбира решенијата од законот. Но мора цивилизациски некои вредности да ги вклопиме во овој закон и да кажеме, ако сме кажале дека постоеле ненормални услови на работење, надвор од законот, да се обидеме да ја вратиме таа состојба барем приближно во една природна состојба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Навистина, по овој повод изгледа ќе мораме да начнеме повеќе работи и, што е најважно, јас пак ќе речам треба тоа што ќе го кажеме да ни биде со чиста совест. Мислам дека ние не оди- ме во правец да ја вратиме состојбата статус кво екс анти. Ние не можеме да ја вратиме состојбата каква што била од проста причина што меѓу таа состојба и сегашната состојба постојат многу незаконитости. Еден дел незаконитости кои можеби случајно се правени, еден дел незаконитости кои се вршени од мали луѓе што се нашле во чудо што имаат наеднаш

толку компетенции и пари, ама еден дел незаконитости кои произлегле заради благонаклонетоста и со добрина гледано од власта на тие луѓе и на нивните активности. Затоа, единствен начин да ја вратиме таа состојба е ако ги истераме постапките, да се најде каде отишле тие пари, да се види како може од таму да се одземат и да се вратат, а за она што навистина дефинитивно пропаднало, тогаш да седнеме овде да разговараме каде биле слабостите на владеењето и зошто морало тоа да пропадне што пропаднало.

Ние зборуваме за таа теза заради тоа што станува збор за грабеж кој е извршен од граѓаните и сакаме тоа да се оневозможи и исправи, за да не се повтори. Јас морам да ви кажам дека е непријатно за некои политичари некои наши колеги овде ако се застапува таа теза. Непријатно е и тие ќе се обидат по секоја цена да ја затнат устата и ако може да се замолчи секој кој тоа прашање така принципиелно го покренува. Тоа е сега случајот дека - веројатно на мене беше упатено, не сум сигурен - мене треба совеста да ме пече зошто останале ненаплатени некои побарувања во Ирак. Се разбира, сите знаете дека бев амбасадор во Ирак, но многу работи не знаете, а спремни сте да шпекулирате и да ги извртувате некои од вас, кои немаат друг аргумент, и ја менуваат бојата од ден на ден. Вака се случува тоа. Да ви кажам малку и за тоа.

Точно е тоа дека од Ирак има големи побарувања, но има големи побарувања заради тоа што големи зделки се склучени од страна на Македонија таму кога јас бев амбасадор. Таму не се вложени македонски пари. Се разбира, се работеше со пари на инвеститорот и кредитите од ЈУБМЕС. А тоа што не е наплатено, камо да имаме уште ненаплатени побарувања и од други места. Ние немаме никаде побарувања. Не можевме да добиеме работа, а таму добивме работа заради тоа што се

залагавме и знаевме како тоа треба да обезбеди. И не изгубивме ништо таму. Таму имаме само за барам препродадеме, да го наплатиме, да ни биде поарно. Тоа е еден од изворите каде ќе се потпре Македонија денес.

Според тоа, не само што не ме пече совеста, но јас се гордеам со тоа што некои големи фирми таму добија големи зделки тогаш и еден добар дел наплатија, еден дел не е наплатен, го побаруваме и ќе го наплатиме. И ќе дојдат тие пари овде, можеби 20 помалку, 30% помалку како што котираат на светската берза, но ќе дојдат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа не е тема овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е тема, ама беше кажано. Зошто не ви текна да му кажете кога овде се зборуваше дека тоа не е тема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место да дофрлувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку, што се однесува до совеста, мојата работа во Ирак дека работев а не како сум работел, сигурно на еден од овие дискутанти кои овде излегоа да ме караат зошто ги откривам работите овде, режиите и зошто така слободно и убедително ги изнесувам своите мислења, сакаат да ми ја затворат устата, тој човек овде кога ме избираа 1994 година на 19 ноември, земете го стенограмот ќе видите што се кажа за мене. Јас нему му благодарам за тогашното мислење, му благодарам и за можноста сега да каже нешто за мојата работа во Ирак. Меѓутоа,

можеби тој е навистина наивен, па некој од вас овде навистина мисли дека не е режирана работата со денешната седница.

Само да ве потсетам, ние ^а прекинавме расправата поради бараше да се добие Извештај од судското вештачење, а не Извештај само од Народната банка. Меѓутоа, бидејќи синоќа, вчера веќе се објави дека се поднесени пријави, итно добиваме телеграма дека дури вчера треба да се расправа за оваа точка овде. Ве молам, и добронамерен човек ќе се посомнева дека тие работи ги режирате и дека сакате да ги врзете, од една страна да се стекне впечаток вака благ, мил, како, ете, ништо друго, туку ние многу мислиме на граѓаните и да им дадеме по 500 марки, иако некој од нив вложил по 200-300 илјади, по 500 марки месечно шест месеци, а од друга страна виновниците ќе ги гониме заради тоа што да кажеме несовесно работеле и не знам што.

Јас уште еднаш го изнесувам моето уверување дека не е добро денес да се донесе овој закон, не е добро да се фрла магла пред очите на граѓаните. Дајте да останеме во обврска да ја расчистиме ситуацијата околу ТАТ и Штедилницата. Мислам дека тоа е значајни за да се утврди, прво, дека во Македонија власта навистина држи до законитоста и до обврските и одговорноста која ја има и второ, да се врати довербата на штедачите, на граѓаните во штедењето за да можат понатаму да штедат, и трето, заради тоа што без оглед на нашето постојано "пекање" за странски капитал, верувајте, во секоја земја огромно значење има домашната акумулација, а таа и во развиените земји е од 40 до 80%, зависи која, акумулација - штедењето, штедењето во домашната акумулација. Во една Јапонија тоа се движи од 50 до 60%, тоа е многу значајно. Не смееме да ги обесхрабруваме луѓето.

И, ајде, да не си ја следиме биографијата. Верувајте, барем кај мене нема да најдете ништо. Јас многу мирно спијам и имам чиста совест. Секогаш на секого сум на располагање. Подготвен сум овде да го ставите на дневен ред целото мое минато. Расправајте, копајте колку сакате, не еднаш се копало. Нема никаде тоа да ве одведе. Нема ниеден момент да ја симнеме одговорноста што сега лежи на нас. Мораме да го решиме прашањето пред кое сега се наоѓаме.

Затоа, уште еднаш ви велам, дајте да се истера тоа како што треба, немојте со прав во очи, не е добро, тоа нема далеку да не одведе. Дајте да одиме да го решиме прашањето како што треба. Нека се расчисти што е прелиено. Таа теза многу ми е сомнителна, таа теза дека е прелиено од џебот на еден Битолчанец кај неговиот комшија. Јас верувам дека пирамидалното штедење овозможува и такви операции. Но овде, господа, се работи за селективно пирамидално штедење, за пирамидално штедење под надгледување на луѓе важни во власта, во партијата на власт итн. Верувајте, објавите три-четири имиња на некои така замавтан, никој и ништо што бил па добил многу од пирамидалното штедење. Нема такви луѓе. Затоа и не се објавуваат имињата.

Затоа, мислам дека е многу важно да се расчистат работите. Тоа прочистување многу ќе значи. Ќе значи за целата држава, за сите нас овде, за граѓаните, а верувам и за нашата иднина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стојановски има збор.

Само пред тоа ве молам за едно појаснување, бидејќи седниците на Собранието ги закажувам јас, јас не негирам дека за седниците на Собранието подготвував сценарио, ама не режија. Намерата беше

сосема јасна. До 25 јули имаме закажано уште една седница на Собранието и после 25 јули да биде Собранието, односно пратениците на одмор еден месец. До тогаш да ги исчистиме сите седници, сите точки што ни беа на дневниот ред. Јас не негирам дека постои коинциденција, меѓутоа намера нешто да се режира во оваа смисла, тоа е апсурд. Многу е смешно такво тврдење, навистина.

Има збор господинот Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Само краток ќе бидам. После големата победа на Сојузот за Македонија 1994 година, во својство на претседател на Комисијата за избори и именувања, овде од оваа говорница по повод предлогот за претседател на Собрание, тогашниот, сегашниот пратеник господин Стојан Андов кажав што кажав. Јас и сега истото би го потпишал, но тоа беше 1994 година. Од тогаш, сега сме 1997 година, и господинот Стојан Андов и јас делуваме повторно од свои позиции, кажуваме, се залагаме. Јас не знам сега дали би кажал за периодот од 1994 година наваму исто што кажав тогаш за периодот од 1990 до 1994 година, кога би бил прашан и би бил во позиција би размислил, ќе кажам онака како што ќе одлучам.

Втора работа: тезата дека се обезбедила работа и дека на тоа сте горди многу е доволен фактор што голем број на правни лица имаат само побарувања, тоа е многу лоша економска теза. Јас сум правник, но да побарувам јас да речеме, еве бидејќи познавам некои пратеници овде, од Николче Поповски не е исто, а да побарувам од Амди Бајрам. Тоа е различно, тоа економистите треба да го знаат. Или денес да обезбедите работа колку сакате во Албанија, но за наплата? Или друг пример: еве го Јаким е тука, колку побаруваат стари девизни штедачи од него, ама само побаруваат! Така јас ја разбирам економијата, да

побаруваш но и да ги ставиш во џеб. Ако не ги ставиш, но само побаруваш, може да те однесат каде што вечно се заминува и пак да си имаш за побарување.

Никогаш, господине Стојан Андов, не сум имал намера да ви ја затнам устата, апсолутно. Барем јас не. За другите не знам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, да не говориме за нашата улога во историјата.

Дајте за темата што е на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, знаете како е, по една сосема јасно дефинирана тема се настојува да се измрда и да се оди на некоја друга тема, од која би останале опашки зад човека. Тоа не треба и вие да го дозволите. Не е добро, оти и вам ќе ви守ават опашка, и вие сте на место каде што јас бев, така да, треба да давате да се разјаснат работите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тогаш треба сите да ве прекинувам господине Андов. Што да правам сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, треба да внимавате. Јас морам да ви кажам дека сигурно многу треба да се мисли каде ќе се оди и да се работи и да се побарува или наплати. Се разбира, јас морам да ви кажам, видете ги градежните работници во Македонија назад 10-15 години, ќе видите дека оние кои купиле стан или направиле куќа или си ги решиле прашањата на своите семејства, работеле во Ирак или Кувајт

XI/8.-

Значи во тие две држави, во Ирак повеќе, помалку во Кувајт. Според тоа, таму добро се наплатувало и се наплатуваше. Ве молам, ако американскиот амбасадор во Ирак не можеше да предвиди оти ќе има војна, не можев ни јас да предвидам дека ќе има војна со Кувајт и дека ќе се судри со Америка. Ни тие не можеа да предвидат. И тоа е, признавам моја слабост, можеби некој друг од овде од салата да бил таму ќе предвидеше и ќе ја решеше таа работа. Меѓутоа, јас толку можев, а инаку се залагав што повеќе во таа земја, која дотогаш редовно плаќаше, да работат наши луѓе затоа што и другите републики бараа, го изменивме тој однос и добро наплаќаа.

Инаку, да кажам и тоа бидејќи на мене се однесува, затоа што го рекол Наќе Стојановски 1994 година, значи го рекол под директива, мене ми е жал, јас мислев уверен е во таа работа. Јас така го сфатив него дека е уверен во тоа, а овде излезе друго. Меѓутоа, оти се разликуваме политички, сега друго би рекол, па нормално. луѓе јас сум висок функционер на една партија, бев прв човек на една друга партија, таа се соедини. Ние имаме политички погледи, сакаме да ве спречиме да ја злоупотребувате. власта. Ние така искрено мислими. Вие мислите дека немаме право. Добро, вие ќе си кажете, што е работата овде и заради тоа ние во Собранието овде имаме повеќе партии, од повеќе политички погледи сме составени.

А што се однесува до тоа дали е сценарио или режија, господине претседател, малку и тоа да го чепнеме, се разбира, тој сака да ја заврши целата работа и тоа јас сум го барал исто така пред одморите, што' може повеќе. Меѓутоа, вчера ли разбра тој дека точката на ТАТ останува, па да ни закажува за денес и за вчера? Тоа го знаеше кога ја закажуваше оваа седница, можеше да го стави, ако не било поврзано со некои други известувања. Ама не го обвинувам, може тоа да се направи,

ама наша задача е да кажеме дека тоа е режија, Ете, затоа се разликуваме.

Јас не сакам да полемизирам повеќе на таа тема.

Има збор господинот Поповски. Ве молам, за темата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам, навистина ќе го замолам претседателот да не ме прекине. Ќе бидам многу кус, но бидејќи се дозволи на првиот дискутант да излезе надвор од темата, меѓу другото беа спомнати избори, теорија на марсовци и што не тука, за партиите, за ТАТ, за ограбеност итн. Мислам дека, иако тоа малку ме изненади, сепак од еден така висок функционер, ми се поставува едно прашање. Би му верувал на сето тоа доколку тоа го зборува во името на новата партија.

XII/1.-JM/0M

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ: (**Продолжение)

А ако зборува во име на бившата партија веројатно не толку заради тоа што мислам дека она дел што на некој начин беа обвинувани, или обвиненија дадени спрема оваа страна, или спрема владеачката партија во добар дел мислам треба да си признаеме сами дека сме учествувале во нив за кое што мислам мојот колега Наќе Стојановски можеби и подобро го искажа тоа. Тоа е едно.

Второ, мислам барем мене ми стана јасно, верувам и на поголемиот дел на мојата пратеничка група од кои причини едноставно оваа пратеничка група се спротивставува да се донесе било какво законско решение околу надоместување на така наречените ограбени штедачи во Битола каде што нашата партија се труди барем дел од тие маки и страдања на тие луѓе да бидат санирани во 60% на кои навистина им е потребна таква помош . И мислам дека ако тука станува збор за некоја режија, јас сум спремен и да ја признаам таа режија дека навистина правиме режија и да го донесеме конечно тој закон и да ги обесштетиме и да ги намириме мислам тие за кои што сметаме дека треба да се намират за разлика од некои други за кои што запнале така народот како што вика во медот во кој што може и веројатно има некој и во салата. А за тоа дали оваа партија ќе добие на наредните избори, или нема да добие, јас мислам дека сепак овој народ најмалку ќе гласа за оние за кои што ги видел кога се на власт и кога се надвор од власта.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Стојан Андов има реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, можеби за да направиме некој обичај да се уцврстат овде добро е вака понекогаш и повеќе пати еден со друг да се соочиме низ системот на реплики.

Јас го молам г-динот Љупчо Поповски координатор на пратеничката група на СДСМ да се држи на своите овластувања и да ги пропитува своите пратеници во чие име зборува. Јас сепак сум пратеник надвор од неговата пратеничка група, но нели толку му е важно еве, сега ќе кажам дека овде не зборувам во име на една, или друга партија, се разбира овде зборувам во свое име како член на парламентарната група на Либерално-демократската партија. А актуализирањето на прашањето дека еднаш сме биле во власта не значи ништо по ова прашање и по прашањата што сега овде ги расправаме. Тоа е исто така обид нам да ни се затне устата да не можеме да проговориме, бидејќи некогаш сме биле во власта. Па Вие убаво знаете кога бевме во власта колку бевме различни и колку се судиравме во власта и зошто излеговме од власта. Истото тоа го знаете убаво. Но треба да кажам една исправка навистина г-динот Наќе Стојановски рече дека тој тоа што го кажал во 1994 година и сега би го потпишал. Значи тоа дека било по директива изгледа не е точно. Тој сепак бил убеден тогаш. А јас мислам пак ќе биде убеден наскоро.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас се јавувам денес по втор пат. Прв се јавив по општиот претрес и очекував, јас и при првата дискусија реков изгледа треба ние битолчани да се јавиме па после тоа ќе почнат дискусиите, изгледа ќе се отворат и прашањата. Но, сепак во овој дел би се задржал само на две-три работи кои овде беа загатнати дури повикани битолчани.

XII/3.-

Прво беше речено дека доколку битолчани не гласаат за овој закон во тој случај битолчани би биле против интересите на штедачите и дека со тоа нема да им помогнат со овие кои што велите вие дека се 500 марки. Не се 500 марки, со девалвацијата месечно ќе бидат 16% помалку. Прво морам да го кажам следново. Ние само во случај ако гласаме за овој закон во тој случај значи дека го подржуваме организираниот криминал и грабеж во Република Македонија Ќе образложам зошто. Прво, реков дека не постои целосна анализа нема причини, нема последици, нема ниту виновници досега откриени по ова прашање.

Второ, овде беше речено дека битолчани меѓу себе си ги преливале парите. Сигурно ја знаете онаа досетката кој и како 100 долари ги вртеле, на крајот и парите се тука и сите добивале, никој не изгубил. Јас ќе ви кажам нешто друго. Не е точно тоа толку колку вие што мислите дека е точно. Можеби има и такви случаи, но еден голем грабеж е друг направен. Останале голем број работници на улица токму од ТАТ и токму од организираниот криминал кој што се одвивал во државава и за кој што биле надлежни токму државните институции пред се Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии. Имено, сега набрзина, јас затоа реков дека овој извештај нас многу работи ќе ни кажува. Земете го овој извештај кој што сега ни го даде Народна банка овде и ќе видите кои претпријатија земале кредит, зел 162 илјади денари треба да врати 81 милион денари Југо- тутун Битола, Ангротекстил, Завод Експорт. Сите се тоа општествени претпријатија каде што на тие луѓе што ги земале кредитите не им било важно да го вратат кредитот и јас не можам во себе да не се посомневам дека намерно не го враќале и со ред прочитајте ги сите и набивале една таква сума за утре тие да одат под стечај, а работниците да останат на улица. Тој проблем овде никој не го отворивме, туку се зафативме со сосема

други работи. Понатаму овде од говорницата сакаше да се докаже како еве, со овој закон ќе им помогнеме на социјалните случаи. Луѓе, прво да сфатиме едно. Стечајните работници односно оние кои што беа технолошки вишок кои што внесоа пари во ТАТ тие како технолошки вишок месечната камата ја земаа за да го поминат месецот и оној дел кој што го земаа од Заедницата за вработување некако да го докрајчат први со први. Сега со овој закон им се намалени нивните влогови за припишани, или исплатени камати. Што значи дека е погрешна тезата и тврдењето дека на тие луѓе ќе им се помогне. Напротив тие луѓе нема да земат ништо, затоа што буквално секој месец ги земаа тие две,три илјади денари од ТАТ. И таа теза која овде некој сакаше да ја покаже дека ете, од милост, од добро кон битолчани, не држи.

И на крајот со тоа и би заклучил и затоа нема ниту да гласам, ниту да присуствувам на гласањето. Никој досега не ја оспори тезата дека ова не е организиран грабеж. Но, затоа пак само ние пратениците од Либерално-демократската партија кажувавме дека органите на државата не си ја извршија функцијата за откривање и до крај расчистување на организираниот грабеж. Тука во тоа се разликуваме.

**ТИТО ПТЕКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Бранирод Михајловски, Благој Стефановски, Живко Јанкуловски, Вељо Тантаров и Славко Котевски поднесоа амандмани за менување на член 2, на член 3, за додавање нов став 2 по ставот 1 и за

бришење на член 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Сали Рамадани и Сами Ибраими поднесоа амандман на член 1 за бришење на став 2, член 2 став 3, член 3 став 1 член 3 став 1 за бришење на точката 1,2 и 3 и за бришење на став 2 и за бришење на членовите 4,5,6 и 7 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Наум Симјановски поднесе амандман на член 3 став 3 и за додавање нов став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 2 за бришење на став 3 и за додавање нов став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Томислав Стојановски и Владимир Соколовски поднесоа амандмани на член 1 став 1 и на член 1 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благој Стефановски, Бранирод Михајловски, Вељо Тантаров и Живко Јанкуловски поднесоа амандмани на член 3 став 1 и 2 и за додавање три нови членови 7-а, 7-б и 7-в по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Томислав Стојановски и Владимир Соколовски.

Г-динот Вељо Тантаров има процедурална интервенција.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници со оглед на тоа што повеќе амандмани околу овој закон се поднесени во текот на месец мај и никој од Вас денес ги немате за да се види што се бара со тие амандмани, јас предлагам една мала пауза и тие амандмани да бидат поделени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратениците ги имаат амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 1 ста14 1 н^^н^сен од пратениците Аце Коцески, Зоран Шапуриќ, Томислав Стојановски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 2, член 2 став 3, член 3 став 1, член 3 став 1 за бришење на точките 1,2 и 3 и за бришење на став 2 и за бришење на членовите 4,5,6 и 7 поднесен од пратениците Сали Рамадани и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Томислав Стојановски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 под- несен од пратениците Бранирод Михајловски, Благој Стефановски, Живко Јанкуловски, Вељо Тантаров и Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој, бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас пред малку побарав пауза бидејќи ние овие амандмани ги немаме. И не знаеме за што станува збор.

XII/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратениците ги имаат амандманите. Вие ги немате,а ги поднесувате.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас реков дека овие амандмани се поднесени во текот на месец мај. Не знам кој пратеник овде ги има тие амандмани пред себе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратениците ги имаат амандманите.

Дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 3 и за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, со овој амандман се предлага штедните влогови на граѓаните со каматите се враќаат со девизни обврзници изразени во германски марки за период од 36 месеци со ануитет на наплата на секои три месеци. Ова се предлага од причини што се бара да се стопира процесот на девалвирање на денарот, а еднаш тој веќе падна со 16%. И сметам дека со овој амандман ќе се заштитат нашиве штедачи. Очекувам поддршка.

XII/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг, бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 и 2 поднесен од пратениците Благој Стефановски, Бранирод Михајловски, Вељо Тантаров и Живко Јанкуловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Браниорд Михајловски, Благој Стефановски, Живко Јанкуловски, Вељо Тантаров и Славко Котевски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XII/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3 и за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Наум Симјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4 под- несен од пратениците Бранирод Михајловски, Благој Стефановски, Живко Јанкуловски, Вељо Тантаров и Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање три нови членови. 7-а, 7-6 и 7-в поднесен од пратениците Благој Стефановски, Бранирод

Михајловски, Вељо Тантаров и Живко Јанкуловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Г-динот Благој Стефановски има збор.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, она што пред малку го донесовме во вид на заклучок сега е ставено во Законот, во неколку амандмани.

До колку ова не го прифатиме, сметам дека водевме една непринципиелна расправа, фактични сакаме голи зборови, а не суштина. Законот е тоа што го прави. Јас ќе замолам да ја имате тежината на проблемот за кој се залагаме и без разлика дали во овој момент претставникот на Владата го прифаќа амандманот, мислам дека е она што ние се обврзавме. Заклучокот е преточен во амандмани.

До колку ова не се усвои тогаш ние ќе бидеме принудени да ја напуштиме седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, ние денес доста зборувавме за маките на штедачите од ТАТ, Лавци и од Алфа-С. Да се повторуваме уште еднаш мислам дека не држи.

Со овој амандман ние бараме целиот имот на овие штедилници што сега им припаѓа на штедачите да го превземе државата како гаранција дека утре, посебно сега откако ќе се донесе стечајот на ТАТ никој нема со него да си игра, или нема некој тој стечај да го тера еден век и на крајот никој од тие штедачи да не земе ниту скршен денар.

Јас ве замолувам овој амандман да се прифати и да биде вграден во законот. Како што рече г-динот Наќе тоа е една голема сигурност за оние штедачи што настрадаа во овие штедилници.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

XIII/2

Со предлагањето на овој амандман и овие нови членови на Законот всушност треба да се реализираат заложбите што сите пратеници ги имаат дека треба навистина да им се помогне на граѓаните, на штедачите. Ако навистина им се помогне на граѓаните, на штедачите тогаш сметам дека овој амандман треба да се прифати и од една друга причина.

Основното прашање на недоверба е кон стечајната постапка која што ќе се извршува во штедилницата ТАТ. Со овој амандман ништо не се прави друго, туку да се овозможи преку одборот на доверителите, а тоа е штедачите државата која вели дека е добар домаќин и се дава имот, и се дава средства домаќински да работи. Ако државата, како што велите вие домаќински работи од тој имот ќе може да им ги врати на граѓаните, ако не целосно, еден голем дел од штедните влогови.

Јас сега си го поставувам прашањето зошто не се прифаќа овој амандман. Или не се прифаќа заради тоа што предлагачот или знае оние податоци кои што досега не се изнесувани за висината на имотот не се точни, што не би сакал во тоа да верувам, или пак не сака да го прифати плашејќи се дека не ќе може добро, домаќински да работи со тој имот.

На крајот, ова не е прв пат што на ваков начин се предлага да се разреши еден проблем. Присеќајќи се малку на законот за загубарите кој што го донесовме во ова Собрание, иако и тој беше тогаш непазарен, иако беше и тој тогаш нееекономски, но да им се помогне на голем број работници и фирми што беше добро во тој момент го донесовме. Во тој закон немаше ниедна фирма од Битола, па и онаа теза која што велевте дека другите граѓани ќе го понесуваат товарот на Битола, па тогаш битолчани го распредели на рамномерно со сите граѓани во РМ товарот за тој проблем. Затоа сметам дека овој амандман треба да се прифати.

XIII/3

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(пратениците од Битола ја напуштаат седницата)

52 пратеника гласаа за.

Кој е против молам?

Осум пратеници се против.

Кој се воздржува од гласање?

Тројца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови.

Пратеничката група на СДСМ поднесе предлог на заклучок, кој ви е поделен

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

Триесет и шест пратеника.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (11 пратеници)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Г-динот Наќе Стојановски има деловничка интервенција.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

При првото излагање во духот и на жарот на парламентарната расправа и говорење ги спомнав имињата на Никола Г. Поповски и на Амди Бајрам и јас им се извинувам во оваа прилика. Оценив дополнително дека непотребно ги спомнав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова нема врска со деловничка интервенција.

Дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Шеесет и осмата седница.

(Седницата заврши во 18-35 часот)